**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Шестата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 11 јули 2008 година**

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,23 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Трајко Вељаноски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Трајко Вељаноски:** Дами и господа пратеници,

Ја отворам Шестата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Стојан Андов, Фијат Цаноски и Али Ахмети ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинство пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата се поканети претседателот на Република Македонија, господин Бранко Црвенковски и претседателот и членовите на Владата на Република Македонија.

Владата на Република Македонија предлага по итна постапка да се донесат Законот за изменување и дополнување на Законот за таксата за привремен престој; Законот за изменување и дополнување на Законот за угостителската дејност и Законот за изменување и дополнување на Законот за туристичката дејност.

Предлозите на законите Ви се доставени.

Заради рационалност претставникот на Владата ќе ги образложи сите предлози, а гласањето ќе го вршиме за секој од нив одделно.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи оправданоста овие закони да се донесат по итна постапка.

Има збор заменикот министер за економија, повелете.

**Киро Спанџев:** Благодарам.

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Пред нас го имаме Законот за такса за привремен престој. Се однесува за изменување и дополнување на овој закон во насока на вградување на казнените одредби почитувајќи го Законот за казни. Затоа предлагаме да биде под итна постапка бидејќи повеќе од година дена стои во собраниска процедура.

Вториот закон е Законо за угостителска дејност. Овде исто така се врши усогласување со казнените одредби. Овој закон од март 2007 година е доставен во собраниска процедура. Се вршат некои усогласувања и подобрувања на условите на работа на угостителите и усогласување со казнените одредби. Исто така имаме укинување на лиценцата за вино, што значи во глобала подобрувањето на условите на работењето на угостителските објекти. Фактички е добро да се донесе под итна постапка и во насока на подобрувањето на контролата од страна на инспекторите во согласност со казнените одредби.

Третиот закон е Предлог за донесување по итна постапка на Законот за изменување и дополнување на Законот за туристичката дејност. Овој закон исто така од март 2007 година е доставен во собраниска процедура. Има одредени подобрувања во однос на активностите на туристичките агенции, подобрување на условите на бенефициите што треба да ги имаат туристите во Република Македонија и усогласување со казнените одредби. Ви благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Предлогот на Владата по итна постапка да се донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за таксата за привремен престој, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 65 пратеници, сите 65 пратеници гласаа за, нема воздржани, нема против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија, да се произнесат по Предлогот со кревање на рака.

Кој е за предлогот молам да крене рака? (Никој)

Дали има некој воздржан? (Нема).

Кој е против? (Нема).

По предлогот на Владата вкупно гласаа 65 пратеници, сите 65 пратеници гласаа за.

Констатирам дека предлогот на Владата е усвоен.

Предлогот на Владата по итна постапка да се донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за угостителската дејност, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 64 пратеници, сите 64 пратеници гласаа за, нема воздржани, нема против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија, да се произнесат по Предлогот со кревање на рака.

Кој е за предлогот молам да крене рака? (Никој)

Дали има некој воздржан? (Нема).

Кој е против? (Нема).

По предлогот на Владата вкупно гласаа 64 пратеници, сите 64 пратеници гласаа за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека предлогот на Владата е усвоен.

Предлогот на Владата по итна постапка да се донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за туристичката дејност, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 67 пратеници, сите 67 пратеници гласаа за, нема воздржани, нема против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија, да се произнесат по Предлогот со кревање на рака.

Кој е за предлогот молам да крене рака? (Никој)

Дали има некој воздржан? (Нема).

Кој е против? (Нема).

По предлогот на Владата вкупно гласаа 67 пратеници, сите 67 пратеници гласаа за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека предлогот на Владата е усвоен.

Владата на Република Македонија предлага по итна постапка да се донесат Законот за престанување на важење на Законот за здружување на земјоделците; Законот за изменување и дополнување на Законот за ловство; Законот за изменување и дополнување на Законот за тутун и тутунски производи и Законот за шумарска и ловна инспекција.

Предлозите на законите Ви се доставени.

Заради рационалност претставникот на Владата ќе ги образложи сите предлози, а гласањето ќе го вршите за секој од нив одделно.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи оправданоста овие закони да се донесат по итна постапка.

Има збор министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, повелете.

**Ацо Спасеноски:** Благодарам претседателе.

По првиот закон, тоа е Предлог за донесување по итна постапка на Законот за престанување на важење на Законот за здружување на земјоделците, постоечкиот закон за здружување и начин на организирањето на активности, основање и конституирање облици на здружување на земјоделците и нивното поврзување и стекнување и распределување на доходот не гарантира еднаква положба на сите субјекти на пазарот на кое се бара со Уставот на Република Македонија, поради што се предлага негово престанување за важење на тој закон.

Што се однесува до вториот закон тој е за изменување и дополнување на Законот за ловство, со Предлог на закон. Имено, во членот 10-А став 2-А од постоечкиот закон волкот е ставен под дивеч под заштита, но не е наведено во понатамошните членови 14 и 14-А во кој вид на дивеч под заштита спаѓа, дали под дивеч заштита кој е пропишан или под дивеч на трајна заштита. Тоа моментално доведува до колизија со постоечките закони и создава проблеми на терен, па затоа го ставаме по итна постапка.

Што се однесува на Законот за тутун и тутунски производи, заради подобро организирање на откупот за тутунот, овде се врши допрецизирање околу претставникот на здруженијата на тутунопроизводителите кој е на откупните места и се регулира начинот на исплаќање.

Што се однесува до третиот закон, тој е со постоечките закони за шуми донесен во 1997 година и Законот за ловство и Законот за репродуктивен материјал на шумски видови, донесен во 2007 година, се јави потреба од донесување на овој закон со вградување на овие прашања кои не се регулирање со законите, а со цел за обезбедување на нивно поефикасно спроведување. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Предлогот на Владата по итна постапка да се донесе Законот за престанување на важење на закон за здружување на земјоделците, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 66 пратеници, сите 66 пратеници гласаа за, нема воздржани, нема против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија, да се произнесат по Предлогот со кревање на рака.

Кој е за предлогот молам да крене рака? (Никој)

Дали има некој воздржан? (Нема).

Кој е против? (Нема).

По предлогот на Владата вкупно гласаа 66 пратеници, сите 66 пратеници гласаа за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека предлогот на Владата е усвоен.

Предлогот на Владата по итна постапка да се донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за ловство, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 70 пратеници. Од нив за предлогот гласаа 69 пратеници, од гласањето се воздржа 1 пратеник, нема против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија, да се произнесат по Предлогот со кревање на рака.

Кој е за предлогот молам да крене рака? (Никој)

Дали има некој воздржан? (Нема).

Кој е против? (Нема).

По предлогот на Владата вкупно гласаа 70 пратеници, од кои 69 пратеници гласаа за, 1 воздржан, нема против.

Констатирам дека предлогот на Владата е усвоен.

Предлогот на Владата по итна постапка да се донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за тутун и тутунски производи го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 69 пратеници, сите 69 пратеници гласаа за, нема воздржани, нема против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија, да се произнесат по Предлогот со кревање на рака.

Кој е за предлогот молам да крене рака? (Никој)

Дали има некој воздржан? (Нема).

Кој е против? (Нема).

По предлогот на Владата вкупно гласаа 69 пратеници, сите 69 гласаа за, нема воздрани, нема против.

Констатирам дека предлогот на Владата е усвоен.

Предлогот на Владата по итна постапка да се донесе Законот за шумарска и ловна инспекција, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 71 пратеник, сите 71 пратеник гласаа за, нема воздржани, нема против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија, да се произнесат по Предлогот со кревање на рака.

Кој е за предлогот молам да крене рака? (Никој)

Дали има некој воздржан? (Нема).

Кој е против? (Нема).

По предлогот на Владата вкупно гласаа 71 пратеник, сите 71 гласаа за, нема воздрани, нема против.

Констатирам дека предлогот на Владата е усвоен.

Владата на Република Македонија предлага по итна постапка да се донесат Законот за изменување и дополнување на Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување; Законот за изменување и дополнување на Законот за вработување на инвалидни лица; Законот за инвалидни организации и Законот за материјално обезбедување на невработени лица поради приватизацијата на претпријатијата со доминантна сопственост на државата во периодот од 2000 до 2004 година.

Предлозите на законите Ви се доставени.

Заради рационалност претставникот на Владата ќе ги образложи сите предлози, а гласањето ќе го вршиме за секој од нив одделно.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи оправданоста овие закони да се донесат по итна постапка.

Има збор заменик министерот за труд и социјална политика, повелете.

**Ајдуван Мамудов:** Благодарам господине претседател,

Владата предлага Собранието на Република Македонија Законот за изменување и дополнување на Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување, да го донесе по итна постапка, со оглед на тоа дека ненавременото донесување на овој закон ќе ги загрози интересите на членовите на пензиските фондови и ќе предизвика зголемени материјални трошоци на системот.

Владата исто предлага на Собранието на Република Македонија Законот за изменување и дополнување на Законот за вработување на инвалидни лица да се донесе по итна постапка поради потребата да се изврши усогласување на делот на прекршочните одредби со постојните законски прописи и отпочнување со нивната примена.

Третиот закон, Владата предлага на Собранието на Република Македонија Законот за инвалидски организации, со Предлог на закон да се донесе по итна постапка поради потребата да се регулира работењето на инвалидските организации, бидејќи со постојниот Закон за здруженија на граѓани и фондации не можат да се опфатат сите специфичности на лицата на инвалидност и нивните здруженија.

Четвртиот закон, Владата предлага на Собранието на Република Македонија Законот за материјално обезбедување на невработените лице поради приватизацијата на претпријатијата со доминантна сопственост на државата во периодот од 2000 до 2004 година, со Предлог закон да се донесе по итна постапка поради неодложните потреби за обезбедување на материјална и социјална сигурност. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Предлогот на Владата по итна постапка да се донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 69 пратеници, сите 69 пратеници гласаа за.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија, да се произнесат по Предлогот со кревање на рака.

Кој е за предлогот молам да крене рака? (Никој)

Дали има некој воздржан? (Нема).

Кој е против? (Нема).

По предлогот на Владата вкупно гласаа 69 пратеници, сите 69 пратеници гласаа за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека предлогот на Владата е усвоен.

Предлогот на Владата по итна постапка да се донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за вработување на инвалидни лица, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 70 пратеници, сите 70 пратеници гласаа за, нема воздржани, нема против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија, да се произнесат по Предлогот со кревање на рака.

Кој е за предлогот молам да крене рака? (Никој)

Дали има некој воздржан? (Нема).

Кој е против? (Нема).

По предлогот на Владата вкупно гласаа 70 пратеници, сите 70 пратеници гласаа за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека предлогот на Владата е усвоен.

Предлогот на Владата по итна постапка да се донесе Законот за инвалидски организации, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 69 пратеници, сите 69 пратеници гласаа за, нема воздржани, нема против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија, да се произнесат по Предлогот со кревање на рака.

Кој е за предлогот молам да крене рака? (Никој)

Дали има некој воздржан? (Нема).

Кој е против? (Нема).

По предлогот на Владата вкупно гласаа 69 пратеници, сите 69 пратеници гласаа за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека предлогот на Владата е усвоен.

Предлогот на Владата по итна постапка да се донесе Законот за материјално обезбедување на невработените лица поради приватизацијата на претпријатијата со доминантна сопственост на државата во период од 200 до 2004 година, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 71 пратеник, сите 71 пратеници гласаа за, нема воздржани, нема против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија, да се произнесат по Предлогот со кревање на рака.

Кој е за предлогот молам да крене рака? (Никој)

Дали има некој воздржан? (Нема).

Кој е против? (Нема).

По предлогот на Владата вкупно гласаа 71 пратеник, сите 71 пратеници гласаа за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека предлогот на Владата е усвоен.

Владата на Република Македонија предлага по итна постапка да се донесат Законот за изменување и дополнување на Законот за музеите; Законот за изменување и дополнување на Законот за употребата на македонскиот јазик; Законот за изменување и дополнување на Законот за библиотеките и Законот за изменување и дополнување на Законот за меморијалните споменици и спомен - обележјата.

Предлозите на законите Ви се доставени.

Заради рационалност претставникот на Владата ќе ги образложи сите предлози, а гласањето ќе го вршиме за секој од нив одделно.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи оправданоста овие закони да се донесат по итна постапка.

Има збор заменик министерот за култура, повелете.

**Слободан Деспотовски:** Благодарам претседателе,

Во сите овие четири закони кои ги цитиравте, кои ги спомнавте се работи за усогласување со Законот за прекршоци и кога ќе се донесат овие закони значително ќе се намали бројот на заостанати предмети во судовите и тоа е една од главните причини кои бараат итност за донесување на овие закони. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Предлогот на Владата по итна постапка да се донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за музеите, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 71 пратеник, сите 71 пратеници гласаа за, нема воздржани, нема против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија, да се произнесат по Предлогот со кревање на рака.

Кој е за предлогот молам да крене рака? (Никој)

Дали има некој воздржан? (Нема).

Кој е против? (Нема).

По предлогот на Владата вкупно гласаа 71 пратеник, сите 71 пратеници гласаа за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека предлогот на Владата е усвоен.

Предлогот на Владата по итна постапка да се донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за употреба на македонскиот јазик, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 71 пратеник, сите 71 пратеници гласаа за, нема воздржани, нема против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија, да се произнесат по Предлогот со кревање на рака.

Кој е за предлогот молам да крене рака? (Никој)

Дали има некој воздржан? (Нема).

Кој е против? (Нема).

По предлогот на Владата вкупно гласаа 71 пратеник, сите 71 пратеници гласаа за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека предлогот на Владата е усвоен.

Предлогот на Владата по итна постапка да се донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за библиотеките, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 72 пратениви, сите 72 пратеници гласаа за, нема воздржани, нема против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија, да се произнесат по Предлогот со кревање на рака.

Кој е за предлогот молам да крене рака? (Никој)

Дали има некој воздржан? (Нема).

Кој е против? (Нема).

По предлогот на Владата вкупно гласаа 72 пратеници, сите 72 пратеници гласаа за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека предлогот на Владата е усвоен.

Предлогот на Владата по итна постапка да се донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за меморијалните споменици и спомен - обележјата, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 73 пратеници, сите 73 пратеници гласаа за, нема воздржани, нема против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по Предлогот со кревање на рака.

Кој е за предлогот? Нема никој.

Дали има некој воздржан? Нема.

Кој е против, молам да крене рака? Никој.

По предлогот на Владата вкупно галсаа 73 пратеници, сите 73 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека предлогот на Владата е усвоен.

Според тоа, за денешната седница го предлагам следниот дневен ред.

1. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за таксата за привремен престој.;

2. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за угостителска дејност;

3. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за туристичка дејност;

4. Предлог на закон за престанување на важење на Законот за здружување на земјоделците;

5. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за ловството;

6. Предлог на заккон за изменување и дополнување на Законот за тутун и тутунски производи;

7. Предлог на закон за шумарска и ловна инспекција;

8. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување;

9. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за вработување на инвалидни лица;

10. Предлог на закон за инвалидски организации;

11. Предлог на закон за материјално обезбедување на невработените лица поради приватизацијата на претпријатијата со доминантна сопственост на државата во периодот од 2000 до 2004 година;

12. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за музеите;

13. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за употребата на македонскиот јазик;

14. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за библиотеките;

15. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за меморијалните споменици и спомен-обележјата.

Дали има некој предлог за изменување и дополнување на предложениот дневен ред? Нема.

Предложениот дневен ред го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 83 пратеници. Од нив заз предлогот гласаа 70 пратеници, нема воздржани, 13 пратеници се против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по предлогот со кревање на рака?

Кој е за предлогот, молам да крене рака? Нема никој.

Дали има некој воздржан? Нема.

Кој е против, молам да крене рака? Никој.

По предложениот дневен ред вкупно гласаа 83 пратеници. Од нив за гласаа 70 пратеници, од гласањето не се воздржа никој, против гласаа 13 пратеници.

Констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

Процедурално има збор госпоѓа Лилјана Поповска.

**Лилјана Поповска:** Почитуван господине пртседателе, почитувани претставници на Владата, почитувани колеги пратеници,

Би ве замолила ако може точките 2 и 3 да дојдат на крајот на дневниот ред, да се поместат, затоа што подготвувам одредени амандмани во соработка со претставници на туристичкиот сектор, а овие два закона се однесуваат токму на тоа. Навистина се извинувам што подоцна дојде тоа барање, амандманите се во тек на подготвување и умножување. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Дали имате поддршка од 10 пратеници? (Да)

Предлогот точките 2 и 3 да бидат 14 и 15, а другите да се поместат нагоре, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 77 пратеници. Од нив за гласаа 64, воздржани нема, против гласаса 13 пратеници.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по Предлогот со кревање на рака.

Кој е за, молам да крене рака? Нема никој.

Дали има некој воздржан? Нема.

Кој е против, молам да крене рака? Никој.

По предлогот вкупно гласаа 77 пратеници. Од нив за гласаа 64, воздржани нема, против гласаа 13 пратеници.

Констатирам дека е усвоен предлогот.

Процедурално има збор господин Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Почитуван претседателе, знам дека побаравме денес да работиме до 17,30 часот кај вас, но бидејќи и ние подготвуваме амандмани за Предлогот на законот за инвалидски организации, сега неприродно ќе ни дојдат порано заради оваа измена и би ве замолил наместо еден час, половина час да ни дадете пауза, бидејќи тие точки ќе дојдат порано.

**Трајко Вељаноски:** Може и да ги поместиме ако сакате.

**Јани Макрадули:** И да ги поместиме, повторно ќе дојде истото.

**Трајко Вељаноски:** Не, нема да дојде. Може и вака да ги поместиме.

**Јани Макрадули:** Не, за да ги завршиме амандманите би ве замолил да објавите половина час пауза.

**Трајко Вељаноски:** Во ред, објавувам пауза и ќе продолжиме во 12,20 часот.

(Пауза од 11,50 часот)

(По паузата седницата продолжи со работа во 12,28 часот)

**Трајко Вељаноски:** Продолжуваме со работа.

**Минуваме на точката 1 - Предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за таксата за привремен престој.**

Предлогот на законот ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор господинот Томе Чинговски, повелете.

**Томе Чинговски**: Благодарам претседателе,

Со измените на овој Закон објавени во вСлужбен весник на Република Македонијаг број 26 од 24 април 2002 година од приходите на наплатата на такса за привремен престој 80% припаѓаат на Буџетот на локалната самоуправа, а 20% на Републичкиот Буџет. Како и регулативата на член 9 од истиот Закон каде Владата на Република Македонија донесува годишна програма за општа туристичка пропаганда, а локалната самоуправа донесува своја годишна програма за своето подрачје за подобрување на условите за престој на туристите.

Надлежностите за контрола на спроведувањето на овие програми се дадени исклучиво на Државниот пазарен инспектор. Ваквата концентрација на контрола на централната власт не е во согласност со духот на децентрализацијата на власта и квалитетно подобрување на органите на локалната самоуправа.

Поаѓајки од определбите за зголемување на бројот на привремен престој во функција на туристички развој сметаме дека таксата за привремен престој треба да се укине. Таксата за привремен престој дополнително ги зголемува трошоците на туристите и ја зголемува цената на туристичката услуга. Самата администрација претставува огромен проблем, бидејќи добивката од самата туристичка такса е симболична.

Од таксата за привремен престој со овие статистички показатели со кои во моментот располагаме со 2 милиони ноќевања помножено со 40,00 денари колку изнесува таксата за привремен престој изнесува 80 милиони денари од кои 20% се слеваат во касата на Република Македонија или тоа изразено во денари 16 милиони денари на годишно ниво, што значи дека овие средства не се доволни за подмирување на платите на самата администрација. Оваа сума е, до колку бидат наплатени 100% од вкупната туристичка такса, меѓутоа, да имаме предвид дека добар дел од овие ноќевања се ослободени од туристичка такса и дека наплатат е некаде до 60%.

Покрај тоа овие средства често се користат ненаменски и во таа смисла не ја вршат функцијата за која се воведени.

Таксата како фискална категорија треба да биде насочена во средините кои не се во состојба да го поднесат товарот на енормната посетеност во инфраструктурната сфера да го остварт со помош на овие средства, но во пракса тоа ретко се случува. Државата треба да издвојува буџетски средства за поттикнување на туристичкиот развој, посебно во руралните и неразвиените средини, а не со оптоварување и на онака оптоварениот угостителски и туристички престој.

Укинувањето на ваквата давачка ќе има позитивен одраз на пријавувањето на туристите како гости и подигањето на квалитетот на услугите.

Исто така укинувањето ќе има промотивен карактер и ќе го подобри имиџот на државата. Така ќе се подобри интересот за посета и престој во Република Македонија.

До колку овој предлог не се прифати, предлагам таксата за привремен престој во целокупниот износ да влезе во приходите на општинскиот буџет. Како што погоре реков поради фактот што износот од 20% од наплатена такса која е воведена според досегашните прописи во републичкиот буџет изразена во апсолутен износ е незначителен односно со таквиот износ не се покриват ни трошоците за администрацијата што ги сервисира приходите од туристичката такса. Од друга страна ако овој износ остане во општинските каси истиот значително би помогнал за поуспешно собирање на истите и наменска употреба на овие средства.

Во членот 10-а од Предлог законот за водење на постапка се предлага постојана комисија која ја формира Министерството за економија без да е прецизирано задолжително учество на еден член од Комисијата по предлог на градоначалникот на општината.

Интенцијата на ваквиот предлог е јасна, што поголема надлежност и контрола на државата над работењето на општините. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 76 пратеника, сите 76 гласа за, нема воздржани, нема против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по Предлогот на законот со кревање на рака.

Кој е за Предлогот , молам да крене рака? (Никој)

Дали има некој воздржан? (Нема)

Кој е против? (Никој)

По Предлогот на законот вкупно гласаа 76 пратеника, сите 76 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за таксата за привремен престој.

**Минуваме на точката 2- Предлог на закон за престанување на важење на Законот за здужување на земјоделците.**

Предлогот на законот ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 69 пратеника, сите 69 гласаа за, нема воздржани,нема против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по Предлогот на законот со кревање на рака.

Кој е за предлогот, молам да крене рака? (Никој)

Дали има некој воздржан? (Нема)

Кој е против? (Никој)

По Предлогот на законот вкупно гласаа 69 пратеника, сите 69 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за престанување на важење на Законот за здружување на земјоделците.

**Минуваме на точката 3- Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за ловството.**

Предлогот на законот ви е доставен.

Отворм претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 77 пратеника, за гласаа 75, воздржан 1, против 1 пратеник.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по Предлогот на законот со кревање на рака.

Кој е за Предлогот, молам да крене рака? (Никој)

Дали има некој воздржан? (Нема)

Кој е против? (Никој)

По Предлогот на законот вкупно гласаа 77 пратеника од нив за гласаа 75, воздржан 1, против 1 пратеник.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за ловството.

**Минуваме на точката 4 - Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за тутун и тутунски производи.**

Предлогот на законот ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Горан Сугаревски поднесе амандмани за бришење на членовите 3 и 4, за менување на член 5, член 7 и на член 9 став 2, по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 3, поднесен од пратеникот Горан Сугаревски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, повелете.

**Ацо Спасеноски:** Амандманот не се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот не се прифаќа.

Има збор пратеникот Горан Сугаревски, повелете.

**Горан Сугаревски:** Претседателе, не ни се поделени амандманите по кои сега расправаме, ги немаме добиено.

**Трајко Вељаноски:** Во моментот се делат, за две минути ќе продолжиме.

(Многу кратка пауза).

Со оглед на тоа дека е поделен материјалот, продолжуваме со работа.

Амандманот за бришење на член 3, поднесен од пратеникот Горан Сугаревски од страна на Владата не е прифатен.

Дали некој бара збор?

За збор се јави господинот Горан Сугаревски, повелете.

**Горан Сугаревски:** Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Предлагаме да се избрише членот 3. Амандманот се предлага од причини што датумот 30 јуни во постојниот Закон е подобар термин за пријавување на договореното производство на тутун.

30 јуни е добар термин за склучување на договори од причина што повеќе тутунопроизводители

6/7.-

работат и други земјоделски дејности и во текот на пролетните денови се често обврзани со сопствените работни задачи за скратување на временскиот период за склучување на договори им се ускратува можноста за пријавување на површините за обработка на тутун. После тоа ќе се јават последици каде ќе има голем број на тутунопроизводители кои ќе го немаат пријавено своето производство. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 77 пратеника, од нив за гласаа 13, воздржани нема, против 64 пратеници.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по амандманот со кревање на рака.

Кој е за амандманот, молам да крене рака? (Никој)

Дали има некој воздржан? (Нема)

Дали има против? (Нема)

По амандманот вкупно гласаа 77 пратеника, од нив за гласаа 13, од гласањето не се воздржа никој, 64 пратеника гласаа против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за бришење на член 3, поднесен од пратеникот Горан Сугаревски.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 4, поднесен од пратеникот Горан Сугаревски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, повелете.

**Ацо Спасеноски:** Амандманот не се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот не се прифаќа.

Има збор пратеникот Горан Сугаревски, повелете.

**Горан Сугаревски:** Бараме членот 4 да се избрише, бидејќи сметаме датумот 31 мај во постоечкиот Закон е подобро решение за склучување на договори меѓу производителите и откупувачите на тутун.

Секое скратување на терминот од 31 мај е лоша варијанта, бидејќи им се ускратува можноста на тутунопроизводителите да ги склучат договорите во разумен рок, а воедно ќе се создаде голема мешаница во тутунските претпријатија и подрачните министерства. Впрочем, тоа секоја година истото го гледаме. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 74 пратеника, од нив за гласаа 15, воздржани нема, против 59 пратеници.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по амандманот со кревање на рака.

Кој е за амандманот, молам да крене рака? (Никој)

Дали има некој воздржан? (Нема)

Дали има против? (Нема)

По амандманот вкупно гласаа 74 пратеника, од нив за гласаа 15, од гласањето не се воздржа никој, 69 пратеника гласаа против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за бришење на член 4, поднесен од пратеникот Горан Сугаревски.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 5, поднесен од пратеникот Горан Сугаревски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, повелете.

**Ацо Спасеноски:** Амандманот не се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот не се прифаќа.

Има збор пратеникот Горан Сугаревски, повелете.

**Горан Сугаревски:** Членот 5 се менува и гласи: вво членот 13 алинеја 6 се менува и гласи: рок за исплата на откупениот тутун кој не може да биде подолг од 15 дена сметано од денот на откупотг.

Секое тутунско претпријатие пред почетокот на откупот должно е да покаже бонитет со кој ќе се гарантира исплатата за време на откупот на тутун.

Според тоа рокот од 15 дена е разумен со што во целост ќе ги задоволи барањата на тутунопроизводителите. Во спротивно со оддолговлечување на исплатата на тутунот се доведува до несакани појави кои често пати завршуваат во судските лавиринти. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 74 пратеника, од нив за гласаа 11, воздржани нема, против 63 пратеници.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по амандманот со кревање на рака.

Кој е за амандманот, молам да крене рака? (Никој)

Дали има некој воздржан? (Нема)

Дали има против? (Нема)

По амандманот вкупно гласаа 74 пратеника, од нив за гласаа 11, од гласањето не се воздржа никој, 63 пратеника гласаа против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за менување  на член 5, поднесен од пратеникот Горан Сугаревски.

Отворам претрес по амандманот на член 7, поднесен од пратеникот Горан Сугаревски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, повелете.

**Ацо Спасеноски:** Амандманот не се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот не се прифаќа.

Дали некој бара збор?

Има збор господинот Горан Сугаревски, повелете.

**Горан Сугаревски:** Со предлагањето за скратување на рокот се овозможува простор на тутунските претпријатија по добивањето на дозвола за откуп и заверување на мостри, откупот да го отпочнат многу порано од предвидениот датум со закон, со што им се овозможува подобар пристап на самите тутунопроизводители. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор по амандманот, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 72 пратеника, од нив за гласаа 12, воздржани нема, против 60 пратеници.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по амандманот со кревање на рака.

Кој е за амандманот, молам да крене рака? (Никој)

Дали има некој воздржан? (Нема)

Дали има против? (Нема)

По амандманот вкупно гласаа 72 пратеника, од нив за гласаа 12, од гласањето не се воздржа никој, 60 пратеника гласаа против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 7, поднесен од пратеникот Горан Сугаревски.

Отворам претрес по амандманот на член 9 став 2, поднесен од пратеникот Горан Сугаревски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, повелете.

**Ацо Спасеноски:** Благодарам претседателе,

Овој, како и претходните амандмани фактички е враќање на постоечкиот Закон.

Измената на Законот што ние ја предложивме затоа што се покажа во ова тригодишно функционирање на постоечкиот Закон дека овие измени што ги предлагаме со измената не се во функција и не добро функционира на теренот откупот на тутунот.

Овие измени како и овој амандман нема да се прифати затоа што предложените измени со оваа измена на Закон се усогласени заедно со тутунопроизводителите и тутунските здруженија.

Нивниот прелдог беше во постоечкиот предлог на измена на Законот тутунските производители да си ги плаќаат своите повереници затоа што тие на тој начин ќе имаат контрола над тие повереници.

Амандманот не се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Амандманот не се прифаќа.

Дали некој бара збор?

Има збор господинот Горан Сугаревски, повелете.

**Горан Сугаревски:** Добро, постојат повеќе варијанти за наградување на претставникот на Здружението. Една од најдобрите е претставникот да биде исплатен од Буџетот на Република Македонија преку Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Втора варијанта исплатата да се врши дел од призводителот дел од Буџетот на државата со што процентот кај тутунопроизводителот ќе биде симболичен, а во секој случај ќе ги намали трошоците на Буџетот. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор госпоѓа Цветанка Иванова, повелете.

**Цветанка Иванова:** Благодарам господине претседателе.

Јас се јавив во знак на поддршка на поднесениот амандман од страна на колегата Горан Сугаревски со кој бара надоместокот за застапување на претставникот од Здружението на тутунопроизводителите при откупот на тутун да е на товар на Буџетот на Република Македонија, а не на производителот.

Јас мислам дека образложението кое го даде министерот не држи, мислам дека навистина и со овој закон како и со претходните закони кои што, неколку претходни кои што ги донесовме во изминатите денови повторно се става нова и нова обврска на граѓаните на Република Македонија. Минатиот пат ставивме, дополнивме или додадовме уште една обврска на малите трговци, денеска ставаме уште една обврска со овие измени за Законот на тутунопроизводителите, значи да си плаќаат надоместок за застапување на претставникот или тие како што си го викаат популарно повереникот при откупот на тутунот за да ги штити интересите на тутунопроизводителите.

Јас мислам дека нема основа оваа одредба да се менува. Јас мислам дека добар е амандманот на колегата Сугаревски со кои што бара овој износ за надоместокот на претставникот или повереникот како што популарно си го викаат тутунопроизводителите да падне на терет на Буџетот на Република Македонија. Со тоа ќе постигнеме две работи, прво ќе ги ослободиме тутунопроизводителите од нова давачка, а знаеме колку тутунопроизводителите од својата макотрпна работа добиваат за својот труд и сега уште им треба и оваа дополнителна обврска. Ако се има во предвид со колку трошоци се соочуваат

за производство на еден килограм тутун и колку чини еден килограм тутун, колку го продаваат сега, јас мислам дека државата ако троши толку големи средства Владата ако троши огромни средства на секојдневни реклами за нивните достигнувања, редно е и да помисли на тутунопроизводителите кои што овој пат на изборите навистина дадоа значителна подршка на оваа Влада и да им се одолжи да одели минимум средства на овие повереници и овие средства да паќаат на товар на Буџетот на Република Македонија затоа што Буџетот на Република Македонија го полнат повторно граѓаните на Република Македонија, а го троши Владата или го распоредува. Сега, наместо за реклами добро би било да одели дел од Буџетот да им ги плати овие повереници при откупот на тутун, за да ја следат проценката на маката на тутунопроизводителите. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За реплика се јави господин Дамески Панче, повелете.

**Панче Дамески:** Благодарам претседателе.

Значи потполно се согласувам со предложеното решение, со предложениот амандман од господинот Сугаревски и би реплицирал на госпоѓата Ивановска дека оваа Влада навистина мисли на тутунопроизводителите најмногу досега. Факт е што субвенциите за тутун беа 30 денари, а нека се сети госпоѓата Ивановска колку нивната влада даваше субвенции за тутунопроизводителите. Со нашата програма Владата ќе даде 45 денари, па и 60 денари што значи дека не држат обвинувањата дека оваа Влада не мисли за тутунопроизводителите. За мене не е логично доколку некој треба да ги штити моите интереси некој друг да го плаќа. И затоа ова законско решение е во согласност со здружението на тутунопроизводителите кои тие бараа исплатата на повереницитe да биде од нив. Значи да не биде ниту од тутунските претпријатија, ниту од Владата, туку самите да ги плаќаат проценителите предложени од нивните тутунски здруженија за да ги штитат максимално интересите, за да штитат квалитетот да биде што поголем, значи да има правилна проценка на квалитетот на тутунот. Доколку овие повереници се плаќаат од други организации, од откупувачот или од Владата можно е да се има разни притисоци на нив и нивното мислење, нивната проценка да не биде објективна. Затоа потполно стојам зад предложеното законско решение. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За контра реплика се јави госпоѓа Цветанка Иванова.

**Цветанка Иванова:** Значи воопшто не држат аргументите на колегата Панче. Тој навистина како пратеник од Прилеп треба да го подржи амандманот на господинот Сугаревски затоа што средствата од здружението на тутунопроизведителите се повторно средства на инвидуалните тутунопроизводители кои што при откупот или при подигање на цената на чинење на тутунот, плаќаат заради членување во тоа здружение на тутунопроизводителите. И само да го потсетам дека за прв пат Закон за тутун беше донесен во Владата на СДСМ во периодот 2002-2006 година. Да го потсетам дека за прв пат тогаш со закон утврдивме, предвидовме да се плаќа премија по килограм откупен тутун. И добро е Владата што мисли за змејоделците. Јас се радувам да си опстои на ветутањата да исплаќа по едно евро на килограм тутун, но и да ја превземе и оваа обврска затоа што сега имаме либерализација на откупот на тутунот и нема потреба страв од тоа дека ќе се врши притосок врз луѓето претставници од здруженијата кои што треба да го следат откупот. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 78 пратеника, од нив 14 гласаа за, нема воздржани, 64 против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по амандманот со кревање на рака.

Кој е за амандманот, молам да крене рака? (Нема)

Дали има некој воздржан? (Нема.)

Кој е против? (Нема.)

По амандманот вкупно гласаа 78 пратеници, од нив 14 гласаа за, воздржани нема, против 64 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 9 став 2, поднесен од пратеникот Горан Сугаревски.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор господин Сугаревски Горан, повелете.

**Горан Сугаревски:** Почитуван претседателе, почитувани пратеници.

Во мојата дискусија сакав да со осврнам на измените во амандманите кои ги предлагаме за драстично подобрување на законот. Имено секое тутунско претпријатие пред почетокот на откупот е должно да покаже бонитет со кои ќе се гарантира исплатата на откупот на тутун. Ние сметаме дека рокот од 15 дена е разумен со што во целост ќе ги задоволи барањата на тутунопроизведителите. Во спротивно со одолговлекување на исплата на тутунот се доведува до несакани појави кои често пати завршуваат во судските лавиринти. Надоместокот за застапување на претставникот на здружението е неизбежен, само треба да се одреди форма или модел на исплата како би се наградил трудот кој што го вложуваат за време на откупот.

За самиот чин на наградување има повеќе варијанти меѓу кои најисплатлив за нас е исплатата да ја врши Министерството за земјоделие. Сметаме дека 30 јуни е најдобар термин за случување на договори од причина што тутунопроизводителите работат и други земјодлски дејности и во текот на пролетните денови се често обврзани во сопствените работни задачи и со скратување на временскиот период за склучување на договори, им се кратува можноста за пријавување на површините за обработка за тутун, а после тоа ќе се појават последици каде ќе има голем број на тутунопроизводители кои ќе го немаат пријавено своето производство. Кога ќе се случи склучувањето на договори често пати се создаваат исто така тие големи мешаници кои често пати ги гледаме во подрачните министерства и во тутунските претпријатија.

Сметаме дека со предлагањето на скратување на рокот на 5 ноември се овозможува простор на тутунските претпријатија после добивањето на дозволата за откуп и заверување на мострите откупот да го почнат многу порано од предвидениот датум со закон, со што им се овозможува подобар пристап на тутунопроизводителите.

Во делот на наградување на претставникот на здружението, најдобра варијанта е да биде исплатен од Буџетот на Репулика Македонија преку Министерството за земјоделие. Исто така друга варијанта исплатата да се врши во дел од произведителот, дел од Буџетот на државата и како што беше нагласено во амандманот делот на тутунопроизводителот да биде симболичен. Вреди да се разговара да се врати тутунот како стратешка култура или култура од општо добро за државата. Ако ова како предлог поминува тогаш ќе биде добар предлогот за либерализација на откупот на тутун со кое ќе се разбијат монополите на тутунопроизводителите, ќе се зголеми побарувачката, а со тоа и цената каде најмногу ќе профитираат тутунопроизводителите и државата.

Иако имаме бројни забелешки по овој закон, пратеничката група на СДСМ ќе го подржи овој закон. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор го заклучувам претресот по текстот на законот.

Предлогот на закон го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 80 пратеника, за гласаа 79, воздржани нема, против 1.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија, да се произнесат по Предлогот на законот со кревање на рака.

Кој е за Предлогот, молам да крене рака? (Нема)

Дали има некој воздржан? (Нема)

Кој е против? (Нема)

По Предлогот на законот вкупно гласаа 80 пратеници, од нив за гласаа 79 пратеници, од гласањето не се воздржа никој, против 1 пратеник.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за тутун и тутунски производи.

**Минуваме на точка 5 - Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за шумарска и ловна инспекција**

Предлогот на законот ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Пратениците Панче Дамески, Цветан Трупуновски, Живко Пејковски, поднесоа амандман на член 15 за додавање нов став 2 по ставот 1, по кој Владата не се произнела.

Пратениците Марјанчо Колевски, Јаготка Ивановска, Оливера Трајановска, Цветан Трупуновски, Горан Ѓуровски, Цена Матевска, Дарко Димитриевски, Весела Чистоева и Стојче Крстевски, поднеса амандмани на член 9 став 3 и на член 16, по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 9 став 3 и на член 16, поднесен од пратениците Марјанчо Колевски, Јаготка Ивановска, Оливера Трајановска, Цветан Трупуновски, Горан Ѓуровски, Цена Матевска, Дарко Димитриевски, Весела Чистоева и Стојче Крстевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, повелете.

**Ацо Спасеноски:** Амандманот се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот се прифаќа и станува составен дел на текстот на предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 15 за додавање нов став 2 по ставот 1, поднесен од пратениците Панче Дамески, Цветан Трупуновски и Живко Пејковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, повелете.

**Ацо Спасеноски:** Амандманот се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот се прифаќа и станува составен дел на текстот на предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 16, поднесен од пратениците Марјанчо Колевски, Јаготка Ивановска, Оливера Трајановска, Цветан Трупуновски, Горан Ѓуровски, Цена Матевска, Дарко Димитриевски, Весела Чистоева и Стојче Крстевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, повелете.

**Ацо Спасеноски:** Амандманот се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот се прифаќа и станува составен дел на текстот на предлогот на законот.

Продолжуваме по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор го заклучувам претресот по текстот на законот.

Предлогот на закон го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 74 пратеника, за гласаа 73, воздржани 1, против нема.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија, да се произнесат по Предлогот на законот со кревање на рака.

Кој е за Предлогот, молам да крене рака? (Нема)

Дали има некој воздржан? (Нема)

Кој е против? (Нема)

По Предлогот на законот вкупно гласаа 74 пратеници, од нив за гласаа 73 пратеници, од гласањето се воздржа 1, против нема.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за шумарска и ловна инспекција.

**Минуваме на точка 6 - Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за задолжително капитално финасирано пензиско осигурување**

Предлогот на законот ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи нема пријавени за збор го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот.

Предлогот на закон го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 72 пратеника, сите 72 гласаа за, воздржани нема, против нема.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија, да се произнесат по Предлогот на законот со кревање на рака.

Кој е за Предлогот, молам да крене рака? (Нема)

Дали има некој воздржан? (Нема)

Кој е против? (Нема)

По Предлогот на законот вкупно гласаа 72 пратеници, сите 72 гласаа за, од гласањето се воздржа нема, против нема.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за задолжително капитално финасирано пензиско осигурување.

**Минуваме на точка 7 - Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за вработување на инвалидните лица**

Предлогот на законот ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Претниците Ратко Димитровски, Јован Гинев, Надица Танчева Тулиева, Марија Андоновска, Анета Стефановска и Виолета Ташева, поднесоа амандман за додавање нов член 2-А по членот 2, по кој Владата не се произнела.

Пратениците Светлана Јакимовска и Веле Горгиевски, поднесоа амандман на член 2 и на член 4 став 2, по кој Владата не се произнела.

Процедурално за збор се јави госпоѓа Весна Бендевска, повелете.

**Весна Бендевска:** Благодарам претседателе.

Со оглед на тоа што пред половина час јас и неколку мои колеги поднесовме амандман по овој предлог закон кои се уште не се дистрибуирани, молам да дозволите најмалку 15 минути пауза, да се дистрибуираат амандманите и соодветно да ги наредиме за да можеме и квалитетно да дебатираме.

**Трајко Вељаноски:** Во ред. Еве ми кажаа од службите сега во меѓувреме ќе ги дистрибуираат, значи доволни се 15 минути.

Давам пауза од 15 минути.

Продолжуваме во 13,20 часот.

(по паузата седницата продолжи во 13,23 часот)

**Трајко Вељаноски:** Повторно отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Пратениците Ратко Димитровски,Јован Гинев, Надица Танчева-Тулиева, Марија Андоновска, Анета Стефановска, Виолета Ташева и Владанка Авировиќ поднесоа амандман за додавање нов член 2-а по членот 2 по кој Владата не се произнела.

Пратениците Светлана Јакимовска и Веле Ѓорѓиевски поднесоа амандмани на член 2 и на член 4 став 2 по кои Владата не се произнела.

Пратениците Весна Бендевска, Менде Диневски, Станка Анастасова и Маринела Тушева поднесоа амандмани за бришење на член 1, за додавање нов член 2-а по членот 2 , член 3 став 2 за бришење на алинеите 1, 2, 3, 4, 5, 6 , 7, и 8, став 3 и за бришење на ставовите 4 и 5, член 4 за бришење на став 2, член 5 за бришење на став 2 и за бришење на член 13 по кои Владата не се произнела.

Претникот Владо Стефаноски поднесе амандмани на член 1 став1, и за Бришење на член 13 по кои Владата не се произнела.

Во меѓувреме пратениците Весна Бендевкса, Менде Диневски, Станка Анастасова и Маринела Тушева го повлекоа амандманот на член 5 за бришење на став 2.

Отворам претрес по амандман за бришење на член 1 Весна Бендевска, Менде Диневски, Станка Анастасова и Маринела Тушева.

Го молам претставникот на Владата да се приознесе.

Има збор заеник министерот за труд и социјална политика, господинот Ајдуван Мамудов.

**Ајдуван Мамудов:** Амандманот не се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот не се прифаќа.

Дали некој друг бара збор?

Има збор Госпоѓа Весна Бендевска.

**Весна Бендевска:** Благодарам претседателе. Се надевам дека кога претставниците на Владата ќе ги одбиваат амандманите кои се однесуваат на овој закон, должни се и да објаснат зошто е неприфатлива оваа наша понуда. Сметаме дека законското решение кое е во сила е многу подобро реќение доколку сериозно сакаме да говориме и дебатираме за подобрување на условите за вработување на инвалидни лица.

Значи во постојното законско решение услов за регистрирање на заштитно друштво беше најмалку 5 лица на неопределено работно време од кои 40% од вкупниот број од 5-те лица се инвалидни лица, или за да појаснам, за да може да се регистрира заштитно друштво постојниот закон нуди доволно, значи 5 вработувања од кои 2 инвалиди. Зголемувањето на прагот на 10 лица од кои повторно 40 % ќе се инвалиди, не го менува суштински членот, но затоа пак дестимулирачки ќе влијае врз работодавецот кој ќе биде спремен да вработува инвалидни лица.

Ајде да дебатираме дали ова значи дека зголемувајќи го овој праг вие дефакто влијаете врз заинтересираноста на работодавецот да вработува инвалидно лице и да конкурира условно кажано за добивање на статус на заштитно друштво.

Вкупната наша поставеност и стимулација на вработување на инвалидните лица е преку основање на заштитни друштва. И ако го зголемуваме конечно цензусот за вкупен број вработувања во вакви услови на економски развој на Република Македонија ние ќе го постигнеме спротивниот ефект. Тогаш голем број на мали заштитни друштва кои опстојуваат со пет вработени од кои два инвалиди ќе мораат нели, или да се пререгистрираат, а тоа ќе значи нови 5 вработувања за кои сериозно под знак прашање ја става можност. Дај боже да можат сите помали заштитни друштва во рок од 90 дена, да вработат нови 5 вработувања. Но е тешко остварливо нели? Затоа сметаме дека е многу подобро доколку сериозно имаме намера да донесеме законско решение, кое ќе го стимулира вработувањето на инвалидни лица да го ставиме старото законско решение.

Колегите од бившата Комисија за труд и социјална политика и членовите на интерпарламентарната лоби група за заштита на лицата со хендикеп, знааат дека долго дебатиравме и во минатиот собраниски состав. Дебатиравме реално дали е ова стимулирачки или дестимулирачки фактор. Вие во образложението господине заменик министер тврдите дека ова е стимулирање, но и мислењето кое го добивме ние членовите на ИППЛГ велат дека не се согласуваат. И тие сметаат дека ова е дестимулирачки фактор и бараат да застанеме како членови на лоби групата за заштита на правата на лица со хендикеп и да гласаме против оваа законска понуда.И тогаш говоревме. Знаете зошто ја ставаме под знак на прашање сериозната намера на Владата на господинот Груевски да стимулира вработување на инвалидни лица, бидејќи токму тој во март месец 2007 ги намали средствата во посебниот фонд од 10% на 5% како зафаќање од придонесот за вработување уплатен во Агенцијата за вработување, намалувајќи го, знаат колегите од комисијата, драстично се намали бројот на вработувања, драстично се намали во текот на 2007 и до овој момент во 2008. И затоа мене ми е драго колегите од владеачкото мнозинство господинот Ратко Димитровски, претседавачот на лоби групата со група свои пратеници го подржа и тогаш нашето барање. Дајте да овозможиме повеќе буџетски средства, да го наполниме посебниот фонд, бидејќи единствено од таму се финансира, им се помага на работавачите, се стимулираат, да отвораат нови работни места за инвалидни лица или да вршат преадаптација на постојните како би вработиле инвалидно лице.

Јас навистина би сакала да подебатирам со заменикот министер, не гледам дека е заинтересиран да се јави и да дебатира. Тогаш, апелирам до колегите од владеачкото мнозинство да го подржат. Не е ништо страшно, суштински не се менува, ама многу се менува од друга страна. Дајте да не ги плашиме работодавачите, сопственици на заштитните друштва со до 5 вработувања, бидејќи ќе ги изгубиме и онака двете вработувања на инвалидните лица. Благодарам .

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За реплика се јави госпоѓа Јакимовска Светлана, повелете.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам претседателе.

Мојата реплика ќе се состои во следното.

Имено, колешката Бендевска почна со образложение на амандманот со зборовите: подобро решение е досега законското решение. Не навлегувам во тоа дали е во ред, или не, тоа е нејзино лично мислење. Меѓутоа кај мене се јави една друга дилема. Зошто овој амандман се поднесува. Идентичен е, кога колешката Бендевска уште на 6-ти февруари истиот го поднесе. Но , на 11-ти февруари веќе истиот и го повлече. Можеби има некои други размислувања сега за повторно да се достави што не е тоа спорно, меѓутоа не гледам поинакво образложение за истиот амандман да се поднесува и сега и со исто образложение. Исто така, поднесени се уште други 4 амандмани покрај овој кои што исто така се повлечени, идентична е содржината. Сигурно е дека секој пратеник има право да поднесува амандмани, меѓутоа ниту во образложението на амандманите, ниту во текстот на оние амандмани што се поднесени нема никаква разлика со текстот на поднесените амандмани поднесени од 6-ти февруари, а повлечени на 11-ти февруари.

Сметам дека во интерес на времето доколку има поинаква дискусија, односно поинакво образложение, зошто повторно се поднесуваат овие амандмани. Во ред е, можеме и да дискутираме.

Исто така колешката напомна дека членовите на комисиите знаат, дебатираа по овие амандмани и навистина се сеќаваат дека овие амандамни се повлечни. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За контра пеплика се јави госпоѓа Весна Бендевска.

**Весна Бендевска;** Колешке Јакимовска, очигледно е дека немавте ниту тогаш, ниту сега аргументација против мојот амандман, па сега се навраќате зошто сум ги повлекла амандманите во минатиот парламентарен состав и сметате дека бидејќи се со иста содржина дека не треба повторно да го поднесувам. Што би рекол еден ваш колега нон сензус. Имам право, сакам да дебатирам. Многу подобро е вие да кажете зошто во 2004 година имавме 117 вработувања, во 2005 година 270 вработувања, 2006 година 416 вработувања. И кога Груевски се одлучи да ги скрати средствта за вработување, бројот на вработувања падна на 215, а во првиот квартал од 2008 година на 41. Очигледно е дека во недостаток на аргументи дека Владата на ВМРО ДПМНЕ под плаштот дека ова итно законско решение нуди подобрувањето дефакто имаме сериозно различна ситуација на терен.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

За збор се јави госпоѓа Поповска Лилјана, повелете.

**Лилјана Поповска:** Благодарам господине претседателе, почитувани претставници на Владата, почитувани колеги пратеници .

Мислам дека амандманот би требало да се подржи и не знам зошто претставниците на Владата не го прават тоа.

Имено, се работи за подобрување на текстот кој што со една верзија очигледно претрпел влошување и добро е да се врати решението каде што имаше можност да добијат средства и претпријатија со помал број на вработени инвалидни лица.

Тоа е во насока на вклучување на што повеќе лица со инвалидност или лица со хендикеп или лица со посебни потреби во нормалноит живот, во нормалнот работен процес. Тоа значи дека што повеќе од тие наши сограѓани ќе можат сами да си заработуваат за живот. Што значи дека нема да бидат на товар на државата како социјални случаи каде што имаме двојна штета. Од една страна се чуствуваат недостоинствено, непотребни никому непотребни ни себеси, ни на другите, ни на државата, а од друга страна државата дава средства за нив и нивната егизистенција. Мислам дека треба да се прифати амандманот и сосема е логичен и ќе оди во насока на поголемото интегрирање на лицата со инвалидност, со хендикеп, на лица со посебни потреби во општеството што е наша заедничка цел. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор госпоѓа Иванова Цветанка, повелете,

**Цветанка Иванова:** Благодарам господине претседателе.

Ако не се лажам, овој амандман поднесен од нашите колеги се однесува на членот 1 од Предлогот на законот за изменување и дополнување на Законот за вработување на инвалидни лица и со предложениот амандман се бара членот 1 од Предлогот да се брише, што значи да остане старото решение. А старото решение, или овој член од претходниот закон се однесува на условите под кои може да се основааат заштитни друштва како трговски друштва за вработување на инвалидни лица.

Старото решение од членот 9 е дека заштитно друштво може да се основа ако вработува најмалку пет лица на неопределено време од кои најмалку 40% инвалидни лица од вкупниот број вработени и да не го читам пак како што би рекле колегите од власта во интерес на времето, а не знам каде брзаме толку, во интерес на времето.

Сакам да го подржам амандманот затоа што сега со овој предлог на измени, се заоструваат критериумите по кои може да се оснива заштитно друштво за вработување на инвалидни лица. И сега заштино друштво на инвалидни лица како трговско друштво може да формираат сега наместо 5, 10 лица. И оттука нелогично ми е образложеието од страна на предлагачот дека со пердложените измени на член 9, или со предложените измени од членот 1 се овозможува поголемо вработување на инвалидните лица. Јас не знам, јас барем не гледам логика, ако се заостpowered условите , ако досега сме барале услов за да се формира заштитно друштво како трговско друштво да бидат вработени 5 лица, сега со заострување на критеруимите да можат да формираат заштитно друштво 10 лица, деак ќе овозможиме поголем број на вработувања. Основањето не значи дека само 5 лица кои што го основаат тоа заштитно друштво можат цело време да останат и 5 вработени, туку напротив 5 лица можат да основаат вакво заштитно друштво и после можат да вработуват стотици доколку го развијата бизнисот, стотици луѓе,вклучително тука инвалиди да работат во ваквото заштино друштво. Мислам дека смислата на измените на овој закон, во претходниот состав овие измени ги донесовме, беше во таа насока да се упрости процедурата, критериумите да се направат по либерални да можат овие луѓе кои што се инвалиди на полесен начин да формираат трговски друштва, да се самовработуваат и тие сами да си придонесуваат за сопствената егзистенција за сопствен живот.

Сега навистина не знам зошто претставникот на Министерството за труд и социјална политика, господинот заменик министер не го прифаќа овој амандман. Не знам која му е аргументацијата зошто овој амандман не се прифаќа и не знам од

кои причини Владата тргнала во промена на овој член, ако се има предвид декание понатаму, во нашата законска регулатива треба условите за формирање на вакви друштва, да бидат поблаги, а не да ги заоструваме.

Впрочем, и синоќешната хуманитарна акција што беше организирана преку Полио плус на која што учествуваат бројни пратеници од парламентарното мнозинство и таму дадоа подршка на оваа хуманитарна акција, таму дадоа збор дека навистина ќе се грижат за правата и интресите на хендикепираните лица, ќе донесуваат закони што ќе одат во насока на подобрување на нивниот живот, во насока на олеснување на нивниот живот е точно овој амандман. Односно овие измени не значат подобрување на животот на инвалидизираните лица, туку значи, ако го вратиме старото решение.

Затоа барам пратениците од парламентарното мнозинство да гласаат и да го подржат овој амандман поднесен од група пратеници на СДС, затоа што навистина е за доброто на инвалидизираните лица . Ништо не се чепка, ниту во буџет, не треба никаква финасова конструкција доколку се прифати овој амандман, туку напротив, сето она што го зборуваме како пратеници, кога сме повикани на вакви хуманитарни акции, кога сме повикани во круг на лица со посебни потреби и им ветуваме дека навистина ќе се залагаме за нивните права, е сега, со гласањето на овој амандман ќе го докажеме тоа на дело.

Ви благодарам и барам уште еднаш сите пратеници, без исклучок дали се од позиција или опозиција да го подржат овој амандман, затоа што не бара финансиски средства, затоа што овој амандамн полошо ќе се одрази кога ќе го имлементираме на инвалидизираните лица и особено барам Интерпарламентарната група за лица со посебни потреби тоа да го направи со лобирање на колегите кои се наоѓаат или седат во нивните редови. Само вака можеме од зборови да поминеме навистина на дело.

Инаку она што синојка го гладав, навистина сум задоволна од сето она што го гледав, но ќе значи дека е лицемерие ако едно зборуваме кога сме во присуство или во кругот на тие лица, а веднаш наредниот ден да гласаме за заострување на услови и критериуми што не бараат никакви финансиски средства од буџетот, јас мислам дека нема потреба. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За реплика се јави господин Димитровски Ратко, повелете.

**Ратко Димитров:** Благодарам претседателе.

Мислам дека ги извртуваме тезите и зборуваме за работи што не се предмет на овој закон. Ние овде зборуваме за стимулирање на вработување на инвалидни лица кои можат да се вработат во заштитни друштва. Не зборуваме за инвалидни лица кои комисијата не им дозволува, не им овозможува, односно не се во можност да работат во трговски друштва што се однесени на пазарот. Токму заради тоа се предлага во овој закон, што овозможува да се стимулира вработувањето на таквите лица со хендикеп, кои можат да работат во заштитните друштва, како трговски друштва што се јавуваат на пазарот, да ги стимулира нив, да ги стимулира работодавачите да вработуваат такви инвалидизирани лица. Не станува збор за сите инвалидизирани лица. Тоа е првата работа.

Втората работа, на ниту еден начин со овој закон не се спречува да се формираат трговски друштва со едно, со две, со три, пет или девет вработени лица, од кои колку сакаат можат да бидат инвалидизирани лица.

Законот кажува дека привилегиите односно погодностите што ги пружа овој закон ќе можат да ги користат трговските друштва што имаат најмалку десет вработени. Што тоа значи? Дека сериозниот работодавец, односно луѓето кои долгорочно се занимаваат, долгорочно сметаат да се занимаваат со бизнисот што го започнале, овој закон ќе ги стимулира. А не оние, како што е најчесто случај, ќе земат двајца инвалидизирани лица, ќе ги држат 9 месеци, ќе им плаќаат 9 месеци плата, потоа ќе ги земаат овие 20 плати што следуваат со овој закон и фирмата се затвора.

За ваша информација ќе ви кажам дека бројот на затворени фирми во периодот 2006 година е некаде околу 80, а 2007 година, некаде околу 90. Сите се такви фирми со пет вработени. Тоа се злоупотреби, тоа е сега работа на инспекциите, ќе се јави работа и на судовите, тоа е предмет на другите амандмани што се јавуваат и тоа е токму заради тоа, токму затоа е предложено да цензусот на оние кои ќе ги користат погодностите се покачи на десет.

Во ниту еден момент не се поставува прашањето на формирање трговски друштва со помалку од десет вработени, туку само на користење на огодностите што ги овозможува овој закон. Затоа што овој закон ја овозможува долгорочноста на некоја фирма, на некоја компанија, на некое трговско друштво. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За контра реплика се јави госпоѓа Иванова Цветанка, повелете.

**Цветанка Иванова:** Благодарам господине претседателе.

Многу ми е жал што колегата Ратко не може да направи разлика помеѓу услови за основање и вработување. Овде зборува за услов за основање заштитно трговско друштво.

До сега, услов за основање на заштитно трговско друштво било пет лица да можат да засноваат заштитно трговско друштво, од кои 40% од тие 5 да бидат инвалиди.

Сега, дали не значи, еве размислувајте, заострување на критериумите да бараме за заштитно трговско друштво да може да формираат 10 лица, од кои 40% се инвалиди?

Треба да се прави разлика меѓу услови за основање и услов за вработување. Може да го

поттикнеме вработувањето со додавање на еден нов член каде ќе бараме вкупниот број на вработени во тоа заштитно трговско друштво да биде повисок процент инвалидизирани лица или лица со посебни потреби. Со вакво решение нема да го стимулираме вработувањето. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Има збор госпоѓа Мираковска Соња, повелете.

**Соња Мираковска:** Благодарам почитуван претседателе.

Сакам да го поддржам амандманот, затоа што сметам дека, навистина, воопшто нема да се постигне целта што е наведена во причините поради кои што овој закон се предлага, а тоа е стимулирање за трајно вработувањето на повеќе инвалидизирани лица. Напротив, претпоставувам дека во наредните години, во наредните две години, голем дел од заштитните трговски друштва кои нема да можат да ги исполнат овие услови, а нема да можат да ги исполнат условите затоа што условите на пазарот се исклучително тешки, ефектот ќе биде сосема спротивен. Многу голем број од тие инвалидни лица практично ќе завршат повторно на Биро, па затоа сметам дека навистина старото решение е решение што треба да се остави. Затоа што во овие услови на стопанисување, поинаку и не може да се одреагира.

Го поддржувам амандманот и им предлагам на колегите пратеници и тие да го поддржат амандманот.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

За збор се јави госпоѓа Топузова-Каревска Роза.

**Роза Топузова-Каревска:** Благодарам почитуван претседателе.

Почитувани колеги пратеници,

Дебатираме за еден закон што, иако има само неколку кчленови, со оглед на категоријата луѓе што ја засега, е многу чувствителен и не сметам дека треба да поминеме така брзо преку него, да не обрнеме внимание, затоа што сите ние мора да признаеме дека овој закон засега една група на луѓе кои навистина, на кои им треба помош, не само од државата, туку воопшто треба да им се овозможи начин за вработување, со тоа што и тие би можеле да се вратат во рамките, да се вклучат во рамките на секојдневниот живот, и својот живот да го исполнат со тоа што ќе бидат вработени. На некој начин и да придонесат за заедницата.

Сум од оние кои сметаат дека навистина последното решение беше далеку подобро од ова што се нуди и не можам да се согласам со некоја дискусија дека не се работи за ништо друго, туку се работи само за погодностите. Токму за погодности дебатираме почитувани колеги. Оној кој има погодности, ќе ги добива тие погодности, тој ќе биде стимулиран да вработува што е можно повеќе лица со посебни потреби. Но, ако се воведуваат мерки што непотребно заоструваат некој критериум, непотребно, тогаш тоа делува дестимулативно. Ако не може да ги користи подобностите, сигурно дека некој нема да биде, со некористење на погодности стимулиран, напротив дестимулиран. Тоа е логично.

Сега, да се вратам конкретно на амандманот. Се согласувам со колегата дека има многу кои го злоупотребуваат законот. Основаат заштитни друштва што функционираат многу краток перидо и овие луѓе седат дома и се чувствуваат уште и изиграни. Она не е начинот, не е мерката на контрола.

Ако ние го менуваме членот 9, што досега велеше дека заштитно трговско друштво може да се основа ако вработува најмалку пет лица од кои најмалку 40% од вкупниот број се инвалидизирани лица, сега велиме не пет, треба да има десет. Можеби прво обемот на работа што го има тоа заштитно трговско друштво не бара да бидат десет. И тоа, не вели до десет, од пет до десет, туку вели стрикно десет. Што значи повеќе.

Навистина е нелогично да имаме едно ограничување на десет лица и да говориме дека ова ќе делува стимулативно, а дека погодностите ќе ги користеле само оние кои имаат десет. Другите можат да основаат, но без погодности,

Сега, или различно ги читаме законите, или различно се разбираме.

Мислам дека колегите од парламентарното мнозинство треба сериозно да се замислат, затоа што кон овие лица, значи имаме уште еден долг кој што не е завршен, со години бараат да се донесе закон, измени на законот што некаде стојат и чекаат во собраниска процедура.

Очекувам дека колегите од парламентарното мнозинство кои дадоа поддршка на амандманот, не само тие, ќе убедат и уште неколку колеги, дотолку повеќе на сите состаноци што ги имаме тие се залагаат, кога се тука претставници на лицата со посебни потреби, на друштвата, сите им даваме поддршка.

Е, па, сега е време да покажеме дали таа поддршка е вистинска, конкретна и ќе даде резултат или таа поддршка е само вудирање по рамог, дека да, ние нешто ќе направиме за вас.

На тие лица, пред се, сигурно оние кои имаат преостаната работоспособност им е потребна работа. На сите во Македонија им е потребна, но поради чувствителната ситуација во која се наоѓаат, ним дотолку повеќе им треба.

Дајте почитувани колеги, сега говорам за колегите да ги разубедам, заменикот министер или, се извинувам не гледам кој е тука, од ова место не можам да видам...

**Трајко Вељаноски:** Тука е, тука е.

**Роза Топузова-Каревска:** Се извинувам.

Значи, го кажа своето, не го прифати амандманот. Сега е ред на нас пратениците да им помогнеме на овие лица и да им дадеме шанса за вработување. Верувајте, 10 лица е преголема бројка. Има заштитни друштва кои не бараат таков обем на вработени. Работата може непречено да се одвива и со 5-6-7-8 лица. Што ако се девет. Има потреба од девет. Токму за тоа

едно лице не му овозможуваме да го основа друштвото и да ги користи погодностите.

Уште еднаш на крајот, очекувам поддршка од колегите. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Во меѓувреме се пријави Бендевска Весна, повелете.

**Весна Бендевска:** Жалам што господинот Ратко Димитров се откажа од дебатата по овој член, по овој амандман.

Да потсетам, во 2003 година, токму на иницијатива на Полио плус, Група за поддршка на лицата со хендикеп е и формирана на нивна иницијатива Интерпарламентарната лоби група за заштита на лицата со хендикеп. Господинот Димитровски е и претседател со оваа лоби група.

Уредно добивме, секој од членовите на мејл по основ на овие предложени измени на Законот, мислење од Полио плус токму околу овој член. Јас ќе цитирам што бараат. Велат вВо поглед на понудената изменаг, не се согласуваат бидејќи сметаат дека вмногу посоодветно ќе беше да се примени хрватскиот модел, со фиксна квота на вработување на инвалидизирани лизаг. Сметаат дека вДоколку се зголемува бројот на вработувања од пет на десет, тогаш зошто не се промени и процентот на барања на лица со инвалидитетг.

Пример, зошто, постојната законска одредба пет вработени лица, од кои 40% инвалиди го менувате на десет, но со 80% застапеност на инвалидни лица. Тогаш ќе говориме и дебатираме за стимулација на работодавците да вработуваат инвалидизирани лица. Самите од Полио плус сметаат дека вВака понудените измени дефинитивно ќе значат одумирање на малите заштитни трговски друштваг. И тоа ќе значи стимулирање на поголемите заштитни друштва, што, според нивно мислење, овој закон го донесуваме во интерес на подобрување и на условите и на бројот на вработувањата на инвалидизирани лица, донесуваме сосема спротивен ефект од овој закон. Голем број на мали заштитни трговски друштва не ќе успеат да се усогласат со одредбите од новото законско решение, што значи и голем број на инвалидизирани до сега вработени лица ќе останат без работа, ќе одат во Агенцијата за вработување.

Затоа очекувам најмногу од членовите на Интерпарламентарната лоби група, а особено од претседателот да даде поддршка. А, како што побара и мојата колешка Иванова, да излобира помеѓу своите колеги, од сопствената партија, да дадат поддршка на амандманот, бидејќи функционално сметаме дека постојното законско решение е многу подобро и во поголем интерес отколку Предлогот за што заменик министерот за труд и социјална политика упорно молчи. Или нема мислење или, не знам што понатаму да заклучам. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За реплика се јави господин Димитровски Ратко, повелете.

**Ратко Димитровски:** Благодарам претседателе.

Морав да се јавам затоа што сум прозван на два пати.

Уште еднаш сакам да кажам дека она што го дава Полио плус не е мислење на Интерпарламентарната лоби група. Заради тоа, оваа тема не е дискутирана ниту еднаш, на ниту еден состанок и не можеме да се повикуваме на тоа дека се донесени заклучоци такви и такви. Тоа одговорно го тврдам. Членството во таа група е доброволно, е од сите политички партии ичленството во таа Интерпарламентарната лоби група не смее да се злоупотребува на тој начин колешке Бендевска.

Ако сме дискутирале, ако сме донеле такви заклучоци, тоа е по друга основа, па кога ќе дискутираме за тоа основа, можеме тоа да го кажеме.

Меѓутоа, за ова прашање не сме дискутирале. Ова што го добивме на мејл како членови, тоа е мислење на Полио плус, тоа е една од организациите за која што треба да се грижи оваа Интерпарламентарната лоби група. Такви ги имаме на стотици во Република Македонија. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За контра реплика се јави госпоѓе Бендевска Весна, повелете.

**Весна Бендевска:** Ајде да потсетиме.

Ќе оставам дека иницијативата потекна, токму за формирање Интерпарламентарната лоби група, токму од Полио плус. Ама, задача на Интерпарламентарната лоби група е со членување на пратеници од разни пратенички групи да придонесат во подобрување на условите за живот на лицата со хендикеп во Република Македонија, преку лобирање за подобри и поквалитетни законски решенија.

И кога таа иницијална railway капсла, колегите од Полио плус ни доставиле мислење, до сите нас, господине Ратко Димитровски немате проблем тогаш. Зошто ова законско решение, бидејќи доаѓа од Полио плус и го цитирам, зошто е неприфатливо за вас? Каде е тука дилемата?

Па вие се однесувате партиски, иако членувањето во лоби групата е надпартиско, нели така се договоривме.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор госпоѓа Иванова Цветанка, повелете.

**Цветанка Иванова:** Благодарам господине претседателе.

Само на кратко ќе ви кажам еден пример како ќе се одрази имплементацијата на измената на овој закон.

До сега, според старото решение, беа формирани, барем во мојот град има една заштитна работилница, едно заштитно трговско друштво за инвалидизирани лица, каде 3-4 инвалидизирани лица се здружиле и формирале

заштитна работилница или заштитно трговско друштво и пакуваат шекер за кафеани, за угостителството, ресторани.

Што сакам да ви кажам со овој пример? Доколку сега, по донесувањето на овој закон, истите тие лица сакаат да формираат такво заштитно трговско друштво, сега нема да можат да го формираат.

Затоа размислете. Плашејќи се од врапците ние не сакаме да сееме грозје. Дајте да ги заостриме контролите, дајте трудовата инспекција нека е постојано на терен и да не ги заостуваме критериумите, туку навистина да им дадеме можност на сите овие луѓе да егзистираат, а на оние луѓе кои не се инвалидизирани, а ги користат инвалидизираните лица да ги гониме и да им изрекуваме казна, согласно законите.

**Трајко Вељаноски:** Се извинувам, дали вашата дискусија ќе биде кратка, бидејќи е време за пауза?

Со оглед на тоа давам пауза до 15,00 часот. Во 15,00 часот продолжуваме.

(Пратениците отидоа на пауза во 14,01 часот)

(По паузата седницата продолжи со работа во 15,12 часот).

**Трајко Вељаноски:** За збор се јави господин Диневски Менде, повелете.

**Менде Диневски:** Благодарам претседателе.

Во прилог на амандманот кој е поднесен сакам да дадам некои насоки кои без искажани од Полиоплус. Со оглед на бројот на зголемувањето на вработените лица во заштитното друштво од 5 на 10 може да се каже доколку дека би имало ефект доколку би се определила фиксната квота за вработување на поголем број на лица со инвалидност.

Од друга страна зголемувањето по тој основ би одело на штета на малите заштитни друштва бидејќи многу од нив би го изгубиле статусот на заштитни друштва.

При ова сакам да дадам некои појаснувања или компарација со Хрватска каде што под вработување на отворениот пазар на трудот се подразбира вработување во органите на државанта управа, судски органи и другите државни органи, единиците на локална самоуправа, јавните служби и слично и притоа поединечно е регулирано на пример до 31 декември 2004 година на секои 49 лица да биде вработено барем едно лице со инвалидност, 2008 година на 32 лица, 31 декември 2012 година на 24, 31 декември 2016 година на 19 лица и 31 декември 2002 година на секои 16 лица ќе се вработува барем по едно лице.

Од тие причини сметаме дека овој амандман треба да биде прифатен. Благодрам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ги молам службите да утврдат точен број на пратеници.

(Службите ги пребројуваат присутните пратеници)

Во салата се присутни 61 пратеник така да можеме полноважно да одлучуваме.

Амандманот гос тавам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 56 пратеници, од нив за амандманот гласале 13, двајца воздржани и 41 против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по Предлогот со кревање на рака.

Кој е за предлогот? Нема никој.

Дали има некој воздржан? Нема.

Кој е против, молам да крене рака? Никој.

По амандманот вкупно галсаа 56 пратеници, од нив за гласаа 13, двајца воздржани, 41 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за бришење на член 1 поднесен од пратениците Весна Бендевска, Менде Диневски, Станка Анастасова и Маринела Тушева.

Отворам претрес по амандманот на член 1 став 1 поднесен од пратеникот Владо Стефановски.

Го молам претставникот на Валдата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за труд и социјална политика, повелете.

**Ајдован Мамудов:** Амандманот не се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот не се прифаќа.

Молам, дали некој друг бара збор?

Има збор господинот Владо Стефановски.

**Владо Стефановски:** Го повлекувам амандманот.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 2 поднесен од пратениците Светлана Јакимовска и Веле Георгиевски.

Го молам претставникот на Валдата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за труд и социјална политика, повелете.

**Ајдован Мамудов:** Амандманот се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот се прифаќа и амандманот станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 2-а по членот 2 поднесен од пратениците Ратко Димитровски, Јован Динев, Надица Танчева Тулиева, Марија Антоновска, Анета Стефановска, Виолета Ташева и Владанка Авировиќ.

Го молам претставникот на Валдата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за труд и социјална политика, повелете.

**Ајдован Мамудов:** Се работи за амандманот поднесен од страна на пратениците Весна Бендевска. . .

**Трајко Вељановски:** Не е за тој. За додавање на нов член 2-а по член 2.

**Ајдован Мамудов:** Да, што гласи од 5 на 10%, ако може да се спојат, инаку амандманот се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот се прифаќа и амандманот станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот за додавање. . .

Се извинувам, процедурално побара збор госпоѓа Весна Бендевска, повелете.

**Весна Бендевска:** Благодарам претседателе.

Мојата процедурална забелешка е токму кон вашиот начин на водење на седница. Господинот заменик министер убаво увиде дека станува збор за ист амандман, за иста содржина и задоволство ми е што токму овој амандман е прифатен од страна на заменикот на министерот.

По Деловник бевте должен да ги споите. Претпоставувам дека вашата манипулација се однесува токму заради тоа што Владата на ВМРО ДПМНЕ ги скрати средствата во посебниот фонд кои го стимулираат вработувањето на инвалидни лица. Манипулацијата е провидна, очигледна и со оглед на тоа што вакви амандмани и во текот на претходниот парламентарен состав, договоривме и на седница на Комисијата за труд и социјална политика и за волја на вистсината предлогот доаѓаше токму од страна на опозицијата, на СДСМ. Најмалку битно е тоа драго ми е што повторно средства за посебниот фонд ќе се одделуваат во висина од 10% од придонесот за вработување. Значи, ја постигнавме целта, но тоа не ја намалува вашата манипулација во поглед на водењето на оваа седница. Благодарам.

**Трајко Вељановски:** Благодарам и на вас.

Согласно сценариото како што е направено, за следниот амандман, инаку немаше никаква намера, особено намера спрема вас и спрема пратениците од опозицијата, така е сценариото направено и еве прифаќам ако мислите дека имаше некоја намера, некоја грешка направена примите извинување. Ќе видите следниот амандман кога ќе го читам дека со иста содржина ќе биде.

Со оглед на тоа дека амандманот за додавање нов член 2-а, по членот 2 поднесен од пратениците Весна Бендевска, Менде Диневски, Станка Анастасова и Маринела Тушева е со иста содржина, како што беше прифатен претходниот амандман констатирам дека е прифатен.

Отворам претрес по амандманот на член 3 за бришење на ставот 2 и алинеите од 1 до 8 на став 3, и за бришење на ставовите 4 и 5

поднесен од пратениците Весна Бендевска, Менде Диневски, Станка Анастасова и Маринела Тушева.

Го молам претставникот на Валдата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за труд и социјална политика, повелете.

**Ајдован Мамудов:** Амандманот не се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот не се прифаќа.

Молам дали некој друг бара збор, има збор госпоѓа Весна Бендевска.

**Весна Бендевска:** Предлогот на законот за вработување инвалидни лица претставникот на Владата ќе треба да дообјасни зошто се менува методологијата според кое ќе се доделуваат неповратни средства од посебниот фонд.

Значи, согласно старото законско решение кое предвидуваше корисници на овие неповратни средства со строго определени услови да бидат заштитните оранизации кои се за вработување на инвалидно лице ќе можат да примаат надоместок од висина на 20 просечни лати и секако во висина од 40 просечни плати доколку вработуваат практични слепи лица или лица во инвалидска количка.

За адаптација на работното место во висина до 100 илјади денари и за набавка на опрема за адаптација на работно место на кое ќе работи инвалидно лице во висина до 200 просечни плати исплатени во претходната година во Република Македонија.

Работодавецот имаше обврска согласно старото законско решение да обезбеди 20% од висината на средствата, сопствени средства, или преку кредит од банка.

Овој пат Министерството за труд и социјална политика воведува ов принцип на, согласно нивни зборови встимулирање на вработувањето на инвалидни лицаг, кое според нас е математички нелогично и сакаме да подебатираме.

Значи, овој пат согласно новото законско решение бројот на вработени инвалидни лица ќе биде основен критериум за висината на средствата, неповратните средства од посебниот фонд кои ќе можат да ги користат работодавачите во заштитните организации. Цитирам: вскалата предложена изгледа вака. Доколку бројот на вработени инвалидни лица е до 2 ќе можат да се доделуваат до 20 плати.

Понатаму, следи доколку бројот на вработени инвалидни лица е од 9 до 12 ќе м ожат да користат 80 плати и на крајот од скалата вели

До 200 плати ќе може да користи работодавачот ако вкупниот број на вработени и нвалидни лица е над 51г.

Математичката логика вели вака: Ако за две вработени инвалидни лица просекот е 20 плати, просечно по едно вработено инвалидно лице се 10 просечни плати. Но, кај оној работодавач кој успеал да вработи 50 инвалидни лица може да користи само 200 плати или просечно само 4 плати. Ајде колеги да дебатираме, стимулација или ова или дестимулација.

Ако е помал бројот на вработени инвалидни лица се зголемува и бројот на просечни плати кои може да ги користи работодавачот. Сосема е обратна логиката доколку сакаме сериозно да стимулираме работодавачи кои успеале да вработат што поголем број на инвалидни лица.

Значи, оној работодавач к ој ќе има помал број на инвалидни лица ќе има право на поголем број просечни плати за набавка на опрема.

Мислиме дека токму овде е спорна математичката логика. Она што пред малку говореше колегата Диневски жалам што не успеавме да го имплементираме во едно наше законско решение, каде што вработувањето на инвалидни лица е строго дефинирано и облигаторно. На пример при вработувања на отворен пазар на трудот периодично се регулирани до 31 декември 2004 година на секој 49 лица барем еден инвалид. До 31 декември 2012 година на секои 24 лица барем едно лице со инвалидитет за да завршат до 31 декември 2020 година на секои 16 вработени лица да биде вработено облигаторно за задолжително едно лице со инвалидност.

Ова е добро решение, ова се вика стимулација. Ова се вика сериозна социјална политика која ќе обезбедува вработување на инвалидните лица. Овде нема скали овде нема манипулирање со некои математички бројки. Јас би сакала да слушнам коментар од господинот министер, но излезе и сега залудно се обидувам, па за тоа го поднесовме овој амандман согласно кој го бришеме ваквото решение. Сметаме дека е недоречено, недопресметано и недоволно аргументирано за да ме убедите дека токму ваквиот ваш предлог ќе обезбеди посигурно вработување на ивалидни лица.

Понатаму во истиот ваш член предлагате ставот 4 да се избрише и јас би сакала да прашам зошто. Во ставот 4 вели впо исклучок на ставот 3 од постојното законско решение, ако подносителот на барањето за користење на средства од посебниот фонд не достави хипотека или банкарска гаранција за вработување на инвалидни лица ќе му се исплатат само 50% од одобрените средства. Ова сметам дека беше во постојниот закон како одредба која дава сигурност во користењето на неповратните средства од посебниот фонд.

Понатаму, предвидуваше дека остатокот ќе биде исплатен на работодавецот во наредните 10 месеци во 10. . ., само да ја стимулира обврската на законодавецот да достави банкарска гаранција или хипотека на имот. Се разбира ова не се однесуваше на државната администрација, единиците на локалната самоуправа, јавните претпријатија и установи.

Зошто се брише оваа одредба очекувам дека ќе добиеме и соодветно објаснување. Затоа го предложивме овој амандман, новиот начин на пресметување на висината на средствата од посебниот фонд согласно бројот на вработени инвалидни лица според нас е обратно логично и заради нелогичноста на бришење на ставот 4 на овој член. Барам поддршка на овој наш амандман. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претерсот по амандмнанот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупнот гласале 69 пратеници, од нив 14 гласаа за, воздржани 3, против 52.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по амандманот со кревање на рака?

Кој е за амандманот молам да крене рака? (Никој)

Дали има некој воздржан? (Нема)

По амандманот вкупно гласаа 69 пратеника, од кои 14 за, тројца воздржани и 52 пратеника се против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 3 за бришење на став 2 и алинеите од 1 до 8 на став 3 и за бришење на ставотите 4 и 5, поднесен од пратениците Весна Бендевска, Менде Диневски, Станка Анастасова и Маринела Тушева.

Отворам претрес по амандманот на член 4 став 2, поднесен од пратениците Светлана Јакимовска и Веле Георгиевски.

Го молам претставникот на Валдата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за труд и социјална политика, повелете.

**Ајдован Мамудов:** Амандманот се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот се прифаќа и амандманот станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 4, за бришење на ставот 2 поднесен од пратениците Весна Бендевска, Менде Диневски, Станка Анастасова и Маринела Тушева.

Го молам претставникот на Валдата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за труд и социјална политика, повелете.

**Ајдован Мамудов:** Амандманот не се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот не се прифаќа.

Има збор госпоѓа Весна Бендевска.

**Весна Бендевска:** Значи предлогот кој доаѓа од страна на Владата вели дека и има потреба во постојниот закон за вработување на инвалидни лица да постои нов став во кој условно да кажам ќе се уредува што постапката доколку се утврди дека некој работодавец поднел апликација за користење на средства од посебниот фонд, се разбира, неповратни и ако се констатира дека тој поднел неточни податоци, односно на друг противправен начин го остварил правото на користење на неповратни средства од посебниот фонд. И предлогот на Владата вели вака: доколку

корисникот на средствата од посебниот фонд, ги користел средствата на неточни подтоци за кои знаел што значи упатува на свесна намера. Или пак морал да знае дека се неточни и како што вели предлогот односно на друг противправен начин го остварил правото на користење на овие средства, бил должен да ги врати и да ја надомести евентуалната штета.

Па господа, ова е класичен пример на злоупотреба на средства од посебниот фонд што имплицира на кривична одговорност. А за кривична одговорност имаме кривичен законик, кој и те како регулира доколку некој свесно врз база на неточни податоци користи неповратни средства од посебниот фонд, средства на граѓаните, тој треба кривично да одговара, а не агенцијата да се спогодува да ги врати. Нелогичен е вашиот предлог. Ќе стимулираме ли кој сака врз база на неточни податоци да аплицира за користење на овие средства, па потоа кога ќе се утврди дека неточни биле, односно како што велите против правно ги користел средствата од посебниот фонд, ќе мора да ги врати.Па нормално дека ќе мора да ги врати. Тоа ќе биде одлука на судот кој ќе го суди согласно Кривичниот законик, ем ќе ги врати средствата ем кривично ќе одговара. А, вашиот предлог вели ако корисникот пак на средствата и Агенцијата се спогодат, тогаш никому ништо. Тогаш ќе чекаме нов обид на противправно користење на средства, ако дознае агенцијата пеќи, ќе се спогодат ќе ги врати, ако не дознае нема потреба да ги враќа. Ова е ваква одредба, ниту има логика, ниту пак знам која потреба ја задоволувате ставајќи ваков предлог во овој закон.

И, добро, овде сте решиле, вели вако корисникот на средствата кој противправно ги користел и Агенцијата не се спогодат, Агенцијата дури тогаш ќе поднесе тужба до надлежниот суд за враќање на противправно користените средстваг. Пази богати! Легализација апсолутна на злоупотреба на средства од џебот на граѓаните. И, што е пострашно, средства кои граѓаните ги одвојуваат за да се стимулира вработување на лица со инвалидитет. Колеги, сериозно тежок прекршок ќе направите ако гласате во корист на ваквото понудено решенеи во овој член од страна на Владата. Затоа, навистина сакам да подебатираме, можеби имате друга намера господине претставник на Владата во заминување на Груевски, ако не апсолутно бараме подршка за овој наш амандман.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор госпоѓа Топузова Каревска Роза, повелете.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван претставник на Владата,

Навистина го гледам овој член понуден тука односно нов став кој што морам да кажам дека апсолутно е непотребен. Навистина не знам зошто е даден само да го оптовари текстот и дури да нуди некои нелогични решенија.

Како што беше спомнато од колешката, вака дадениот член претставува добра основа за корупција и тоа во една многу чувствителна сфера. Кажавме од пратеник од парламентарното мнозинство беше подвлечено дека тука се можни голем број на злоупотреби, со што дефакто и јас се сложувам и сега уште еден член кој што оди во прилог на ова. Говоревме дека воопшто законот не нуди стимулација на оние кои што вработуваат, туку напротив со овие членови уште делува дестимулативно и сега уште една можност за злоупотреби изголемена корупција. За да биде јасно пред јавноста ќе прочитам: вкорисникот на средства на кој со решение на Управниот одбор на Агенцијата му се доделени средства од посебниот фонд врз основа нанеточни податоци, за кој знаел или морал да знае дека се неточниг, значи почитувани колеги, прво Управниот одбор дали не би било подобро поубаво да ги провери документите пред да му додели средства. Според мене тоа е пологично, отколку да му додели средства, па потоа да ги испитува податоците.

Прво, работите и тука во самиот став се поставени на глава наместо на нозе. Значи, сега ги добил и потоа податоци за кои знаел или морал да знае. Што значи ова взнаел или морал да знаег? Можеби и не морал да знае. Одам понатаму, водносно на друг противправен начинг, ова е во ред вго остварил правото на доделени средства од посебниот фонд, должен е да ги врати примените средства и да ја надомести евентуалната штетаг. Ако корисникот на средствата и Агенцијата не се спогодат, што значи, почитувани колеги, спогодат? Нели ова ви звучи како добра можност за корупција во една сфера, за која што сите се сложивме дека е многу чувствителна. Еден закон кој што исто така засега една многу чувствителна категорија на луѓе. Простете, ама мене ова вда се спогодатг, ми звучи како алаш вериш некоја работа да направат, па да се спогодат пола тебе, пола мене и не морам понатаму и во тој случај ако така си се спогодат, тогаш Агенцијата ако не се спогодат, ќе поднесе тужба на надлежниот суд за враќање на неосновано примените средства.

Прво, ќе се навратам, мислам дека беше многу пологично да иамме поостри и поригорозни мерки пред Управниот одбор да му додели средства. Мислам дека тука треба да биде основната контрола. Секогаш подобар правен лек е нешто да се спречи, отколку понатаму да се интервенира, затоа што знаете дека со секоја интервенција станува се посложено и ако кон тоа се додадат ажурноста на судовите, уште пвоеќе имаме простор за сомневање. А, дотолку повеќе пак, сомнежот се раѓа при реченицата ако не се спогодат. Значи, ако се спогодат никому ништо, се спогодиле, што значи да се спогодат. Да ги врати сите средства, да ги врати половина од средствата, навистина до крај недефинирана одредба. Или да се спогодат по 5 години да ги врати и тоа е спогодба. Да, јас се согласувам, ќе ги вратам средствата, ама не сега, ќе ги вратам

по 5 години. Мислам дека почитуваниот заменик министер треба да си го прифати овој амандман, ако веќе не го прифати, тогаш се обраќам до коелгите од паралемнтарното мнозинство да го прифатат амандманот и со тоа ќе докажат,не само дека имаат сенс за положбата во која што се наоѓаат лицата со посебни потреби, туку напротив и јасно ќе се декларираат дека се за вистинска борба против корупцијата. Мора сите да признаете дека вака дефинираниот член не нуди ефикасна борба и справување со корупцијата, напротив гопоттикнува. Ви благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 67 пратеници, за гласаа 13, воздржани нема, против 54 пратеници.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по амандманот со кревање на рака.

Кој е за амандманот, молам да крене рака? (Никој)

Дали има некој воздржан? (Нема)

Молам, кој е против? (Нема)

По амандманот гласаа вкупно 67 пратеници, од нив 13 гласаа за, воздржан нема, против 54 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 4 за бришење на став 2 поднесен од пратениците Весна Бендевска, Менде Диневски, Станка Анастасова и Маринела Тушева.

Амандманот за бришење на член 13, поднесен од пратениците Весна Бендевска, Менде Диневски, Станка Анастасова и Маринела Тушева и амандманот за бришење на член 13, поднесенод пратеникот Владо Стефановски се со иста содржина и предлагам по овие амандмани да се води единствен претрес, а гласањето да го вршиме на секој од нив поодело.

Предлогот го ставамна гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 66 пратеници, сите 66 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по амандманот со кревање на рака.

Кој е за амандманот, молам да крене рака? (Никој)

Дали има некој воздржан? (Нема)

Кој е против? (Нема).

По амандманот вкупно гласаа 66 пратеници, сите 66 гласаа за, нема против, нема воздржани.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Отворм претрес по амандманот за бришење на член 13 поднесен од пратениците Весна Бендевска, Менде Диневски, Станка Анастасова и Маринела Тушева и по амандманот за бришење на член 13 поднесен од пратеникот Владо Стефановски.

Сега го отворам претресот, се извинувам, усвоен е предлогот, а сега отворам претрес по амандманот за бришење на член 13 поднесен од пратениците Весна Бендевска, Менде Диневски, Станка Анастасова и Маринела Тушева и по амандманот за бришење на член 13 поднесен од пратеникот Владо Стефановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменикот министер за труд и социјална политика, повелете.

**Ајдован Мамудов:** Амандманот не се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот не се прифаќа.

Дали некој друг бара збор?

Има збор господин Стефановски Владо, повелете.

**Владо Стефановски:** Го повлекувам амандманот.

Со оглед дека ирелевантно е бришењето на амандманот, бидејќи не се усвоија измените на член 1, значи само тогаш имаше смисла.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Има збор господин Диневски Менде, повелете.

**Менде Диневски:** Благодарам претседателе,

Членот 13 гласи дека во рок од 2 години од денот на влегувањето во сила на овој закон, постојните заштитни друштва се должни да се усогласат со член 9 став 1 на овој закон во кој стои дека новооснованото заштитно друштво е должно во период од 90 дена да ги вработи сите работници сметано од денот на првото вработување на работникот на неопределено време во друштвото. Во спротивно не го стекнува статусот на заштитно друштво и наредните 5 години не може да работи како заштитно друштво и т.н. Идеата е овој член да се укине, бидејќи не можеме за новоформираните да даваме рок од 90 дена, а за постоечките да се усогласат со овој закон да даваме период од 2 години. И, што ќе се случи ако помине периодот од 2 години, тие ги користат средствата од Фондот, а после 2 години едноставно го згаснат друштвото. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот за бришење на член 13 поднесен од пратениците Весна Бендевска, Менде Диневски, Станка Анастасова и Маринела Тушева, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 63 пратеници, од кои 11 гласаа за, воздржани нема, против 52 пратеници.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република

Македонија да се произнесат по амандманот со кревање на рака.

Кој е за амандманот, молам да крене рака? (Никој)

Дали има некој воздржан? (Нема)

Кој е против? (Нема).

По амандманот вкупно гласаа 63 пратеници, од нив 11 гласаа за, нема воздржани, 52 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за бришење на член 13, пдонесен од пратениците Весна Бендевска, Менде Диневски, Станка Анастасова и Маринела Тушева.

Констатирам дека е повлечен амандманот за бришење на член 13 поднесен од пратеникот Владо Стефановски.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам кој бара збор?

За збор се јави госпоѓа Бендевска весна, повелете.

**Весна Бендевска:** Благодарам пртседателе.

Мошне накратко, соогледна тоа што мислењето на пратеничката група на СДСМ по однос на овој предлог на закон за измена и дополнување на Законот за вработување на инвалидни лица, го преточивме и низ амандмани, ќе се обидам накратко да образложам зошто ние сметаме дека Владата ни понуди под проблематично итна постапка, бидејќи не ја разбирам итноста зошто во еден вакум период кога во Република Македонија нема ни Влада, опстојува техничка Влада, се прави обид да ни се протурне како законско решение еден текст на закон кој апсолутно нема врска со образложеноето што Владата го ставила околу итноста и обврзноста да се донесе овој закон. Бидејќи, иако тука пишува дека основно што треба да се постигне со оваа промена на законското решение било во функција н аобезбедување на целосна евиденција на вработените инвалидни лица и ќе се зголемело тврдењето дека ќе се зголеми бројот на вработените лица со одреден инвалидитет. Потоа, образложивме дека сметаме напротив со подигање на цензусот за основање на заштитно друштво од 5 на 10, при тоа не променувајќи го процентот на вработени инвалидни лица, апсолутно не можеме да говориме дека станува збор за стимулација на работодавците за поголемо вработување на инвалидни лица.

Второ, велите во вашето однесување образложение дека со донесување на овој закон ќе бидат допрецизирани критериумите за доделување на неповратни средства за опрема од посебниот фонд, каде што нудите број на инвалидните лица. Мислам дека доволно образложувавме дека процентот на просечни плати се зголемува со опаѓање на бројот на вработени инвалидни лица. Дестимулација апсолутно . Дебата неуспеавме да предизвикаме, ниту пак реакција од претставникот на Владата. Но, ќе повторам, со оглед на тоа што распоалгате и контролирате мнозинство апсолутно во овој Парламент, повелете донесете си го законот, апсолутно ќе ја сносите и одговорноста за донесување на законско решение кое не е квалитетно, дури има и спорни одредби кои како што кажа и колешката Роза Топузова Каревска апсолутно стимулират корупција и криминално однесување.

Ќе си ја понесете одговорнсота, оти овој закон, откако ќе го изгласаме, ќе следи фаза на негова имплементација. И, претпоставувам дека кога ќе се формира Комисијата за труд исоцијална политика, конечно и од Агенцијата за вработување и од Министерството за труд и социјална политика ќе добиеме релевантни податоци, дали ќе се зголемува бројот на вработени инвладини лица или ќе се намалува. Дали ќе се зголеми или намали бројот на детектирани класични злоупотреби при користењето на средствата од посебниот фонд што, согласно Законот, се наменети за подобрување на условите во кои работат инвалидните лица, зголемвуање на бројот на нивни вработувања и се разбира, соодветна заштита што произлегува и од Уставот на Република Македонија. Република Македонија, нели е социјална држава.

Обидот конечно и го крунисавте со неприфаќање на нашиот амандман да се избрише скандалозна одредба согласно која секој ќе може да аплицира следните две години за неповратни средства на посебниот фонд, а ќе има должност согласно овој Закон 24 месеци да се трансформира согласно новите законски одредби, за да речеме по 25-тиот месец се констатира дека не успеало претпријатието да се трансформира, односно ќе го изгуби согласно Законот статусот на заштитно друштво. И никому претпоставувам нема да му е гајле што ќе стане со таа, повторно ќе кажам злоупотреба на средства од посебен фонд. Предолг ќе биде периодот за усогласување на постојните заштитни друштва согласно новите законски одредби. Периодот е долг и комотен, а од друга страна ништо ни влакно нема да им фали, тие повторно го задржуваат правото да аплицираат и да бараа, се разбира ид а користат средства. Овде и си обезбедивте , ако некој пак ги фати на дело дека согласно неточни податоци ги користеле односно противправно ги користеле да се договорат со Агенцијата да ги вратат. Кривична одговорност нема, хаос. Но, да потсетам, 10% издвојување од постојниот придонес за вработување, знаете колку средства се? 147 милиони денари. Гласајки за ваквите одредби, ќе аминуваме 147 милиони буџетски средства, средства од граѓаните, некој да не знае дали и како се користат, правно, противправно, регуларно согласно своите намени или не. Е, тоа го содржи овој итен закон за донесување на промена на Законот за вработување на инвалидни лица. И, немаме дилема. Кажавме како ние би ја уредиле оваа област и ќе го поднесеме согласно хрватскиот модел за стварно стимулирање на вработување на инвалидните лица во форма на Предлог закон пред ова

Собрание. Ваков текст нема да добие поддршка од пратеничката група на СДСМ. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За реплика се јави господин Шутаров Васко, повелете.

**Васко Шутаров:** Благодарам претседателе,

Само накратко ќе кажам дека веќе неколку пати почитуваните колеги од СДСМ на основа на еден имел пуштен од едно Здружение помалку го глорифицира хрватскиот модел врз основа на Законот нивен за професионална рехабилитација и вработување на инвалидни лица. Ќе ги замолам после кога ќе бидат малку послободни да отворат на било кој пребарувач и на адресата Инвалидски организации во Хрватска, да видат колку страници ќе им се отворат со тековни пробелми на Законот донесен од 2002 година.

За тековнава 2008 година постои законска одредба со која што секое претпријатие или фирма на секој 32 вработен, да вработи еден инвалид. Овој Закон е од 2002 година, Хрватскиот закон има претрпено многу промени. Србија работи на истиот случај, но многу претпазливо од 1 јануари 2009 година носи клаузула на секој 50 вработен по еден инвалид, на секои следни 50 вработувања по втор инвалид итн, итн. Постојат многу модели врз основа на Мадритската декларација, врз основа на одредбите од Конвенцијата од Варшава 2003 година, врз основа на глобалниот договор во ОН, многу европски модели кои што имаат добра примена. Зошто никој не го спомна норвешкиот модел во кој што 84% од активните вложувања за вработувања одат за инвалидни лица. Или примерите во земјите од Бенелукс во кои што со старт ап кредити им се овозможува самовработување на инвалидните лица. Или примерот во Полска во која што фирми во кои што ангажираат инвалидни лица имаат бесплатни сметководствени и книговодствени услуги. Или примерот на Германија во кој што инвалидните лица имаат огромни бенефити ако работата дома итн.

Сметам дека по малку претеравме со глорифицирање на закон од една држава, која и сама се соочува со проблеми во имплементацијата. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За реплика се јави госпоѓа Весна Бендевска, повелете.

**Весна Бендевска:** Нема да елаборирам. Имплементацијата на Законот во Хрватска, ова го добивме како предлог од страна на Полио плус здруженијата за хендикеп, кои го посочуваат како подобро законско решение. Господине Шутаров, говориме дали сме спремни да донесуваме сериозни законски решенија кои навистина ќе го подобрат условот за вработување на инвалидни лица. Ние сакавме да предизвикаме дебата, не сметаме дека со новата понуда ќе се подобри нешто драстично, освен она што се предомисли Владата на Груевски, откако 50% ги намали средствата во посебниот фонд, сега ги враќа и тоа е единственото добро што произлезе од овој нов предлог закон за вработување на инвалидни лица. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор господин Димитровски Ратко, повелете.

**Ратко Димитровски:** Благодарам претседателе.

Мислам дека во претходните два часа имавме мошне широка дискусија во однос на амандманите, а со амандманите ги допревме и точките кои се всушнот проблематични во овој закон.

Сакам да ги потсетам колегите дека ова е една од најтранспарентните материи што е донесувана, што е разгледувана во претходните три или дури четири собраниски состави. Овој закон е донесен пред 8 години и ова е негово шесто дополнување односно изменување. Покрај него, се дополнети уште три - четири упатства од министерот и други подзаконски акти. Што значи тоа? Тоа значи дека оваа материја е доста дискутирана на сите основи, во решавањето на оваа материја се применувани сите можни модели било да се од Хрватска, било да се од Полска или Словенија и е барано најдоброто решение.

Со овој закон денес што го донесуваме не ја затвораме оваа проблематика, не е идеално решена, треба да бидеме на чисто. Треба да биде јасно дека на оваа материја ќе се работи и понатаму, дека наша грижа и на нас како парламентарци и на целото општество е да се грижиме за тие лица да се вклучат акгивно во редовниот живот. Внимавајте добро, тие се редовно вработени во претпријатијата. Токму заради тоа, тоа се целите на овој закон, овие дискусии би требало стручните лица од Министерството да ги прифатат и забележат и не треба да не изненади ако после одредено време имаме повторно предло за измена на овие законски решенија.

Сосема на крај ќе кажам дека решението е добро и треба да се подржи и ќе гласам за овој законски текст. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот.

Предлогот на закон го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 68 пратеника. Од нив за гласаа 58, воздржани нема, против 10.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија, да се произнесат по Предлогот на законот со кревање на рака.

Кој е за Предлогот, молам да крене рака? (Нема)

Дали има некој воздржан? (Нема)

Кој е против? (Нема)

По Предлогот на законот вкупно гласаа 68 пратеници. Од нив за гласаа 58 пратеници, од

гласањето не се воздржа никој, против 10 пратеници.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за вработување на инвалидни лица.

**Минуваме на точката 8 - Предлог на закон за инвалидски организации.**

Предлогот на законот ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Пратениците Светлана Јакимовска и Веле Ѓорѓиевски поднесоа амандмани за менување на насловот на Предлогот на законот и на член 20 ставови 2 и 3, по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот за менување на насловот на Предлогот на законот, поднесен од пратениците Светлана Јакимовска и Веле Ѓорѓиевски.

Молам, претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменикот министер за труд и социјална политика, повелете.

**Ајдуван Мамудов:** Амандманот се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот се прифаќа и тој станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 26 ставови 2 и 3, поднесен од пратениците Светлана Јакимовска и Веле Ѓорѓиевски.

Молам, претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменикот министер за труд и социјална политика, повелете.

**Ајдуван Мамудов:** Амандманот се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот се прифаќа и тој станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Продолжуваме по претрес по текстот на Предлогот на законот.

Има збор госпоѓа Бендевска Весна, повелете.

**Весна Бендевска:** Благодарам претседателе.

Навистина жал ми е и ми недостасува присуството на господинот Љупче Мешков, министер за труд и социјална политика во оставка во Владата на Груевски во оставка, ама тоа беше човекот кој го протежираше овој закон, кој инсистираше на донесување на овој закон. Жалам што не е тука повторно да подебатираме, бидејќи тогаш долго говоревме, но претпоставувам дека заради силината на аргументите кои повторно ги покажувавме, кога ќе видеше господинот бивш министер ѕид од аргументи, се повлекуваше. Сеедно, не само што не заслужува итност во донесувањето на ова законско решение, никогаш не обележано со маркица под европското законодавство од едноставна причина што апсолутно не постои хармонизација со европското законодавство, туку долго дебатиравме дека вака понуденото законско решение нема своја уставна основа. Жалам што морам повторно по кој знае кој пат да констатирам дека токму ваквиот закон мораше да биде поминат на Законодано-правна комисија. Законодавно правната комисија, апсолутно сум сигурна без оглед на партискиот состав ќе констатираше сериозен уставен проблем во вака понуденото решение.

Предлогот за донесување на закон за инфалидски организации е во колизија со Уставот. Доколку не правам грешка, согласно Уставот Македонија е социјална земја и согласно членот 20 дозволена е дозвола на здружување на граѓаните, нелимитирана од ништо и од таа уставна претпоставка постои веќе закон за здружување на граѓани и фондации, кој апсолутно ја регулира оваа сфера. Инвалидските организации не можеме да ги третираме како нешто засебно во однос на здружувањето и тие претставуваат форма на слободно здружување на граѓаните. Две законски паралелни решенија кои произлегуваат од ист член на Уставот се недозволени во ниедна практика во било која земја, особено не во земја со кандидатски статус за членство во Европската унија. И повторно ова е официјална реакција од страна на фелата, на организациите кои се бават со подобрување на условите за живот на луѓето со хендикеп. Еве го дописот на Полио Плус, тие сами по нивно барање организираа две седници, ако добро се сеќавам, на интерпарламентарната лоби група за помош на лицата со хендикеп.

Жалам што госпоѓа Лилјана Поповска не е тука, таа беше единствената што ги подржа моите амандмани со кои ги бришевме сите членови од овој сериозно скандалозен закон. Знаете што, јас не се соменвам дека ќе го изгласате законот, ама повторно и овој закон ќе ви придонесе во вашите рекорди. Рекордери сте почитувани колеги кои по втор пат седите во овие клупи по бројот на законски решенија за кои сте гласале, а Уставниот суд на Република Македонија ги поништил и не оди тоа во прилог на оценката за работењето на собраниските состави и во петтиот и во шестиот состав, и во минатиот и во сегашниот.

Согласно член 35 став 3 од Уставот на Република Македонија, државата е должна да обезбеди заштита на инвалидните лица со законска интервенција во граѓанскиот сектор и како што кажав, согласно член 20, на граѓаните им се гарантира слобода на здружување, цитирам одредба од Устав: вЗаради остварување и заштита на нивните политички, економски, социјални, културни и други права и уверувањаг. Зошто сметате дека треба да се издвои начинот на основање на здружение на граѓани во кои ќе членуваат инвалиди таканаречени инвалидски организации во поглед на другите здруженија на граѓани.

Интенцијата на предлагачот на законот е на ваков начин да ја регулира состојбата во обласата на човечките права и се разбира граѓанската сфера претставува најгруб упад, нормативно институционален упад од државно на невладино ниво, и тогаш дебатирав. Ова е суптилниот начин на кој сега ќе се задира и во оваа сфера, и во

сферата на невладиниот сектор, со една цел, да се направи партизација и на овој сектор.

Почитувани колеги, ѓаволот ја однел шегата во Република Македонија. Имаме во овој момент комплетно партизирана државна администрација. Еден колега овде се смее и тоа е претпоставувам најголемиот, условно кажано, успех на 20 месечното владеење на Никола Груевски од 2006 до 2008 година, до предвремените парламентарни избори. Комплетна партизација на државните институции! Е, сега, после тој 20 месечен период сега ви останува невладиниот сектор, од образованието, културата, спортот. Ова е калсичен пример на монтирање на партиска држава, едноумие, држава по мерка на припадниците кои имаат партиска книшка и е премногу сериозно да го дозволите. Ќе си го задржам правото и понатаму да говорам за специфичните одредби на овој член, меѓутоа, најаважните ќе ги кажам.

Како може согласно постојниот закон за здруженија на граѓани основен услов е пет граѓани кои покажуваат било каков заеднички интерес да можат да формираат здружение на граѓани, ама ако станува збор за инвалидска организација, лимитот е 40. Не знам како мислите дека ова ќе помине пред критериумите на уставните судии, без оглед што господинот Боцевски смета дека од нашите уставни судии има поголеми правни експерти во правниот Комитет на ДПМНЕ.

Затоа, некому можеби изгледа дека ова е закон, не ви пречи што не е закон за кој се инсистира да биде донесен од страна на Европската унија, ама инсистирањето доаѓа од партискиот врв, бидејќи ќе говорат и моите колеги понатаму во секоја глава понуденото законско решение значи нов начин на нивно организирање, многу поголемо влијание на државните органи во начинот и финансирањето на ваквите здруженија, а се знае каде што има проблем, каде што невладиниот сектор чека буџетски, државни пари, тоа се вика класична партизација на овој сектор. Не се сомневам дека машинеријата на ВМРО-ДПМНЕ и овој пат ќе притисне како што ќе викнат колегите од нивниот прв ред. Апсолутно немам таква намера, ама да се знае, претпоставувам дека повторно ќе дебатираме кога ќе настанат проблемите, кога ќе настане дисбаланс во законските одредби, кои ќе важат едни за едни интересни групи кои се здружуваат, а други ќе важат за други групи. Со ваквиот начин на вметнување на паушални оценки, бидејќи замислете, образожението зошто се донесува: затоа што енормно се зголемил бројот на регистрирани здруженија. Па господиниот Мешков си дозволи седејќи во својата канцеларија да виде леле колкав пораснал бројот на здруженија на граѓани, ама Уставно вели слободата е нелимитирана. Законот за здружување на граѓани не вели дека право на здружување имаат првите 40 кога ќе дојдат, согласно вашиот принцип од првата Преродба во 100 чекори, впрв дошол прв услуженг. Имаат право да се здружуваат, не сме компетентни да им го ограничиме правото што произлегува од Уставот и господинот Мешков во образложението вели дека се констатирани голем број на злоупотреби. Ајде да дебатираме, за злоупотреби има процедура, се пријавуваат пред државните органи кои се задолжени да водат постапка каде што е детектиран криминал, судот да пресуди врз база на тие докази и потоа следува пресуда, ама не може ние да донесуваме закон бидејќи господинот Мешков ем им замера на големиот број на здруженија на граѓани, ем смета дека преголема е злоупотребата. И повторно не го гледам тука колегата Николоски кој беше задолжен на времето за невладиниот сектор на ВМРО-ДПМНЕ и кој овде тврдеше дека ВМРО-ДПМНЕ до мај 2007 година ќе го донесе новиот закон за здруженија на граѓани кој беше навистина европски и хармонизиран, кој предвидуваше разлика во здружувањето на граѓаните. Требаше да аминуваме согласно закон здруженија на граѓани со јавен интерес, како што се работи, се согласувам, со инвалидските организации и тие по новото законско решение ќе имаа посебни поволности и посебни стимулации, бидејќи заслужуваат, како што беше доставен примерот од страна на граѓанската платформа, не може да се поистоветуваат се согласувам здруженија на граѓани љубители на шах и инвалидски организации. Различна е тежината во однос на јавниот интерес. Зошто тогаш колеги не го понудивте новиот европски закон за здружување на граѓани и ќе ја завршивте и оваа работа, европски ќе им дозволевме и на инвалидските организации да работат и да творат во општествениот простор во Република Македонија. Влегуваме од една грешка во друга, вие немате намера да го понудите новиот закон за здруженија на граѓани, бидејќи има вградени механизми кои ќе оневозможат политичко влијание во невладиниот сектор и тоа кај ВМРО-ДПМНЕ во овие моменти не оди, не врви. Друга е интенцијата, друга е намерата, очигледна е преку понудите на законските решенија.

Затоа, нема да го подржиме овој предлог на закон, затоа ќе поведем и постапка пред Уставниот суд веднаш по моментот откако, не се сомневам, ќе го донесете. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За реплика се јави господин Шутаров Васко, повелете.

**Васко Шутаров:** Благодарам почитуван претседателе.

Слушајќи ја внимателно почитуваната колешка, само се чудам како Република Словенија досега не е исклучена од Европската унија бидејќи така речи сличен закон како нашиот што денес го имаме на работните маси го има донесено во 2002 година.

Во 39 члена внимателно читајќи ги и споредувајќи ги постои само една разлика помеѓу словенечкиот модел на законот за инвалидски организации и нашиот македонскиот, тоа е во член 3 кој што омеѓува или детерминира партизација и

патернализација на инвалидските организации од слични здруженија на граѓани, а членот 3 вели во органите на управувањето на инвалидските организации лицата со инвалидност се застапени со најмалку 70% освен во инвалидските организации на лицата со интелектуална попреченост.

Кажете ми со оваа клаузула  како може да се изврши партизација на овој  процент од 70% застапеност на инвалидните лица? Априори тие се политички определени?

Словенечкиот закон претпоставува учество со 33% претпоставувајќи дека во пракса нема да се случува злоупотреба од партиски или патерналистички причини. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За контра реплика  се јави госпоѓа Весна Бендевска, повелете.

**Весна Бендевска:** Многу е ктратко времето од 60 секунди да ви реплицирам господине Шутаров. Не кажувајте половични работи. Говорите дека Словенија има закон за инвалидска организација, ама не во колизија со нивниот закон за здружување на граѓани.

Кажете ми која е логиката за едните ценсус за формирање  да биде 5, а за другите 40. класична дискриминација. Нееднакви услови. Стартно нееднакви позиции. Тука е проблемот. Како се врши обид за партизација, многу лесно, се знае преку финансиски притисок, преку финансирањето. За тоа ќе говориме бидејќи глава по глава  говориме по овој скандалозен законски проект. Благодарам .

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор госпоѓа Роза Топузова -Каревска, повелете.

**Роза Топузова -Каревска:** Благодарам почитуван претседател, почитувани колеги пратеници, почитуван заменик министер.

Јас сосема на кратко би сакала да кажам дека нема да дадам подршка на овој закон зато што прво, без разлика што еден од колегит од парламентарното мнозинство не упати на Словенија која има еден приближно ваков закон. Сепак мислам дека ќе беше подобро да го решиме и овој проблем во рамките на законот на здруженија  на граѓани на кој и тогаш укажувавме дека не е многу добар закон и дека треба уште многу работи таму да бидат доречени.

Со оглед на тоа што го немаме тој закон доставено, имаме сосема поразличен закон, сметам дека нема потреба повторно да ја елаборирам неуставноста на законот, но морам да подвлечам сосема накратко дека можеби ќе имав одредени дилеми дали да гласам или не за законот ако не беше членот 10 поточно ставот 5.

Навистина не ми е јасно инвалидските организации треба да имаат посебни услови многу поразлични од оние кај здруженијата на граѓани или многу подрастични, би рекла , во овој случај ако таму, како што беше кажано, се доволно 5 члена кои имаат заеднички интерес да основаат здруженија на граѓани, овде не 10, не 20, туку законот вели каде се дава можност кој може да добие статус на инвалидска организација ако членуваат најмалку 40 лица и не е тоа доволно, има и дополнителни критериуми кои велат од кои 95% лица се со инвалидност со ист вид инвалдност или 95% лица со инвалидност со различен вид инвалидност, но сепак со еднакви права и општествен статус. Навистина ова воопшто не било потребно.

Читајќи го членот дали ви звучи логично? Вели 95% лица со инвалидност со ист вид инвалидност или 95% лица со инвалидност со различен вид на инвалидност.

Најверојатно, почитуван заменик министер, тој што го изготвувал законот доколку го преведувал од некаде малку погрешил во преводот или некои работи не ги разбрал.

Да не читам понатаму, овде е мојата најголема дилема, реков дека можеби ќе беше најдобро во рамките на законот за здруженија кој така долго го очекуваме и кој треба да реши доста проблеми во оваа многу чувствителна сфера затоа што сите сме свесни дека овие здруженија во најголем број се злоупотребувани од политичките партии. Се формираат непосредно пред избори, делуваат во корист на одредена политичка партија. Одредени претседатели на тие здруженија потоа имаат бенефит за тоа што делувале, како што беше вГласот на светлинатаг каде првите луѓе после победата на ВМРО ДПМНЕ во 2006 година беа добро згрижени, се надевам дека сеуште се таму, а пред тоа ги блокираа улиците на Скопје и ги изложуваа скопјани на една невидена тортура епа пак да не ни се случува тоа ни треба европски закон.

Точно поради тоа очекував дека во рамките на тоа ќе биде решено, а не да носиме посебен закон со кој реков поставуваме поразлични критериуми со што, за жал, луѓето со посебни потреби или инвалидните лица ги одделуваме  од другите.

Мислам дека ова не е добро и очекувам дека Уставниот суд членот 10 ставот 5 многу брзо ќе го укине.

Токму поради тоа нема да дадам поддршка за овој закон, а мислам дека и заменикот министер ќе размисли и ова ќе му го пренесе на министерот и доколку двајцата заедно бидат предложени од новата Влада која за некој ден ќе ја имаме ќе го имаат во предвид ова и самите ќе интервенираат да ни достават едно добро законско решение неправејќи дискриминација помеѓу останатите здруженија на граѓани-организации во кои се здружуваат лицата со посебни потреби. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Пред да продолжиме ја прекинувам седницата, давам 10 минути пауза, до 16,30 часот. Благодарам.

(Паузата е дадена во 16,20 часот).

(По паузата седницата продолжи со работа во 16,32 часот)

**Трајко Вељаноски:** Продолжуваме со работа.

Има збор пратеникот Менде Диневски, повелете.

**Менде Диневски:** Благодарам претседателе.

Ќе се обидам во кратки црти да го изнесам моето мислење по Предлогот за донесување на Закон за инвалидски организации, со Предлог на закон.

Ќе почнам од член 35 став 3 од Уставот на Република Македонија на кој се повикува за донесување на ваков закон кој гласи дека Републиката им обезбедува посебна заштита на инвалидизираните лица и услови за нивно вклучување во општествениот живот.

Смислата на овој цитиран став од член 35 од Уставот на Република Македонија подразбира обезбедување заштита на инвалидизираните лица на државно ниво, нормирана и спроведена низ посебни законски акти низ правните механизми на државните институции во сверата на здравствената заштита, вработувањето итн. Но прашањето е дали согласно член 35 став 3 од Уставот на Република Македонија, Државата е должна да обезбеди заштита за инвалидизираните лица, со законска интервенција во сверата на граѓанскиот сектор, согласно демократските начела на цивилното и граѓанското општество, за што пак се упатуваме на член 20 од Уставот на Република Македонија, а особено на став 1 кој гласи вна граѓаните им се гарантира слободата на здружување заради остварување заштита на нивните политички, економски, социјални, културни и други права и уверувањаг. Оваа одредба е земена исто така во Законот за здружение на граѓани каде во член 2 стои дека граѓаните слободно може да се здружуваат во здруженија на граѓани, да основат фондации, заради остварување на заштитата, значи на економските, социјалните, културните, научните и други права, интереси и уверувања, во согласност со Уставот и законот. Оттука се наметнува прашањето дали со донесување на вака предложениот закон би се создал паралелизам во правното нормирање на сверата на невладиниот сектор, што е спротивно на словото на Уставот и законот за здруженија на граѓани.

Не е прифатливо ниту од уставно правен аспект, ниту пак од аспект на градење на слободно цивилно општество да постојат два паралелни закони кои третираат истодобна или слична материја.

Понатаму, предлагачот во рамките на уставната и законската основа воопшто не ги спомнува и останатите меѓународно правни регулативи, занемарувајќи една цела плејада на ратификувани конвенции во Република Македонија, од оваа конкретна област за заштита на човековите права, а истите се дел од внатрешниот правен систем.

Република Македонија во блиска иднина треба да ја ратификува Конвенцијата за заштита на правата на лицата со хендикеп која претставува приоритетна Конвенција за регулирање на оваа конкретна област на меѓународно правно ниво и согласно тоа треба да служи како облигаторно правен ориент при подготовката на домицилните закони од таа област, што се однесува и на предложениот законски текст.

Исто така, предлагачот на законот, доколку би бил на мислење дека Законот за здружување на граѓани и фондации се злоупотребува, што е дадено во образложението на самиот закон, истиот би можал да покрене иницијатива за оценување на законското и целисходно работење на здруженијата, како и на уставноста и законитоста на нивните акти во контекст на делокругот на функционирањето и извршувањето на статутарно програмските принципи, со што на легитимен начин би се оценула евентуалната злоупотреба од таков вид, во граѓанскиот цивилен сектор.

Исто така, ако предлагачот односно Министерството за труд и социјална политика смета дека проблемот е во тоа што во невладиниоит сектор, од страна на Законот за здруженија на граѓани проблем е определениот број на основачи кои може да основаат здруженија на граѓани, треба да покрене иницијатива за изменување и дополнување на Законот за здруженија на граѓани и фондации и истиот да се спроведе низ една предвидена законска процедура, а не да креираме едно ново законско решение со кое ќе предлагаме наместо пет дека се потребни 40 лица за формирање на едно вакво здружение. Со ваквиот начин на вметнување на паушални оценки во текстот, се формира негативна пракса на колективна одговорност на сите здруженија на граѓани, што во иднина би резултирало со своеволно толкување на Уставот и законите, од ненадлежни органи, нормално, односно со иземање на Институтот за автентично толкување, а посебно на процесните постапки за утврдување на одговорноста и злоупотребата.

Исто така предлагачот, иако не се повикува на прецизна анализа на оценките на состојбите, со статистички податоци од аспект на тоа каков е придонесот на новите здруженија, па зошто се формирале толку, па дали треба да се формираат толкав број, неповикувајќи се притоа ниту на релевантните извори и извештаи од владиниот или невладиниот сектор, било да е домашна или од меѓународна провиниенција со што се става во улога на непостоечко експлузивно тело, за оценка на релевантноста и успешноста на работата на здруженијата.

Исто така во образложението е потенцирано дека сите овие нови здруженија кои се формирале ги препишувале програмите на постојните здруженија на лица со инвалидност кои постојат во просек повеќе од 30 години, со обучен стручен кадар и простор.

Предлагачот едноставно измислува некоја практика на прос претис на статутите и програмите на здруженијата на граѓани.

Сметаме дека Министерството за труд и социјална политика треба да биде запознаено со условите за регистрирање на здруженија на

граѓани. Но, немам намера тоа тука пооделно да го потенцирам.

Исто така накратко ќе се задржам на тоа дека истите здруженија на граѓани функционирале во различни социополитички системи со различна перцепција на човековите права и нивната валоризација, како императив на демократските општества.

Предлагачот децидно наведува дека работењето на инвалидските организации треба да биде регулирано со посебен закон, а притоа се повикува односно по последниот став во членот 36 од Предлогот на законот вели дека во овој закон целосно се применуваат и важат одредбите од Законот за здруженија на граѓани и фондации. Тогаш ако е така и ако самите се повикуваат на оваа одредба, сакам да потенцирам дека предложениот, а веќе последен паралелен Закон за здруженија на граѓани и фондации, како таков или сличен, во Република Македонија друг не постои.

Од досегашниот коментар или од досегашните објаснувања што ги дадов во однос на причините на Предлог закон за донесување на Закон за инвалидски организации, со Предлог на закон, можеме да констатираме дека навистина не постои никаква потреба од негово донесување и мислам дека истиот треба да се повлече од натамошна постапка, бидејќи неговата примена ќе ги загрози начелата на владеење на правото и на правната сигурност.

Сега во неколку кратки црти за општите одредби сакам во неколку членови да ги предочам недоследностите на овој закон.

Имено, во член 1 во став 2, прецизно не се регулира еднаквоста на лицата од различен пол, согласно Законот за еднакви можности односно ставот е неконзистентен со заложбата за половата недискриминација.

Во членот 2 се дава конфузна дефиниција за инвалидската организација, како и конфузна методологија за облиците на нејзино здружување и поврзување.

Членот 3 е контрадикторен и е во колизија со членот 2 од предложениот закон односно во последниот став од членот несоодветно се наведени меѓународно прифатените начела и механизми за правната заштита.

Во членот 4 се употребува т.н. национална политика, сигурно тоа се однесува на преводот што кај нас треба да гласи социјална политика на национално ниво итн.

На крајот сакам да завршам со неколку збора по однос на финансирањето на ваквите здруженија на граѓани и потребата од создавање услови за финансиска одржливост на секторот каде детално ќе се предвидат сите активности и мерки за подобрување на законската рамка за дирекно финансирање на државата, а одговорните институции пред се Министерството за финансии, воедно и предлагачот, Министерството за труд и социјална политика.

Само за компарација ќе дадам неколку примери дека во Хрватска има донесено уредба за распределба на средствата од игри на среќа каде вкпната маса се дели на здруженија од јавен интерес, во 12 области. Во Словенија отишле и понатаму каде овој фонд се дели на 23 организации на лица со хендикеп. За разлика од нив во Република Македонија, од законски ветените 50% во стварност, во 2002 година се добиле 15,20%, а во 2006 година се свеле на 8,41%.

Иако Министерството за финансии отпочна постапка за изработување на предлог закони каде ќе се регулира финансирањето на здруженијат ана граѓани, таа постапка сеуште не е завршена. Оттука се наведува заклучокот дека после едно вакво разгледување на законот, истиот навистина е непотребен, истиот е против уставен ид пратеничката група на СДСМ нема да го поддржи. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор госпоѓа Станка Анастасова, повелете.

**Станка Анастасова:** Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници,

Јас ќе зборувам за недоследностите во Глава 2 - Активност.

Во членот 7 кој ја регулира активноста, децидно е одредено дека активноста е непрофитабилна во смисла на изрична законска определба, за веќе во наредниот став истото изричито утврдување да се трансформира во принцип односно стандард кој може да се интерпретира и како негово добро намерно непочитување за стекнување на степен на лукративност.

Исто така во законски текст не може да се вметнат екстензивни формулации, како прописи кои го уредуваат општеството.

Би сакала да напоменам дека општи прописи кои би можеле да го уредат општеството, социолошки поим, најмалку би можеле да бидат прописи за принципот на профитабилност.

Во членот 8 каде се утврдуваат целите, најмалку се утврдуваат цели, бидејќи истите не претставуваат конкретни цели туку начела, како на пример вградените во Предлог законот, социјална правда и еднакви можности, почитување на човековите права на лицата со хендикеп, недискриминација на лицата со инвалидитет, автономност на лицата со инвалидитет како корисници на услуги итн.

Сметам дека непримерно е со вакви формулации да се обремени законот, бидејќи остварувањето на конкретните цели, суштинскиот фундамент на функционирањето на здруженијата на граѓани со хендикеп, законски мора да бидат јасно и недвосмислено детерминирани.

Членот 9 е суштински, нормативно неисправен. Предлагачот се користи со екстензивна законска енумерација на задачите на организацијата што не претставува законска материја односно такво дескриптивно опишување на задачите може да

постои евентуално во програмите на конкретните здруженија на граѓани.

Во Главата 3, недоследностите се следни. Имено во Главата 3 се зборува за статусот на инвалидската организација.

Во членот 10 не постои дефиниција за стручен кадар. Доколку Предлог законот имаше поимник, веројатно и формулацијата встручно оспособен кадарг ќе имаше друга соодветна дефиниција и ќе беше дефиниран концептот на евалуација на стручност. Имено, во конкретниот случај не се предвидува кој одлучува за наведената стручност.

Член 11 став 1, предвидено е до ресорното министерство, Министерството за труд и социјална политика да се поднесе писмено барање, а веќе во наредниот став таа инвалидска организација се обврзува односно е должна да се регистрира во Централниот регистар. Членот е спротивен на позитивните прописи за регистрација на здруженијата на граѓани, бидејќи се врши нормативна инверзија на постапката за регистрација на здруженија на граѓани.

Членовите 12 и 13 се поврзани со членот 11, но во членот 12 е направен намерен или ненамерен превид за приложувањето на потребната документација. Имено, ако се повикаме на словенечкиот закон, како еден од потребните документи за прилог, предвиден е и доказ за материјално финансиско работење за претходната година и доказ за спроведувањето на последните социјални програми.

Понатаму, членот 13 од Предлог законот е недоследен и недоречен. Со него се предвидува владина комисија од три члена што ја составува Министерството за труд и социјална политика. Истакнато е дека еден од членовите од Комисијата е член по предлог на Националниот совет на инвалидски организации, а таков совет сеуште не постои формално-правно. Проблематичен е и самиот состав на таа комисија во однос на постапката околу донесувањето на мислењата, што доколку се одлучува со мнозинство владините претставници го надгласуваат претставникот од невладиниот сектор во однос на времето на донесување на мислења што не се предвидени со рокови. Во однос на прифаќањето на нивните мислења, демократската заложба е намалување на дискреционите права на министрите. Со тоа се обзнанува дека таа комисија е непотребно консултативно тело, бидејќи одлуката за добивање на статус е во дискреционите права на ресорниот министер. Посебно наведуваме дека со тоа се руши начелото на транспарентност на министерствата, извршната власт, особено кога постои релација владина комисија - министер. Едноставно потребно е да се почитува Законот за слободен пристап до информациите.

Во членот 15 се нормира одземањето на статусот на инвалидската организација, но овде овластувањата за тоа не се на министерот туку на комисијата. Значи министерот за труд и социјална политика донесува решение, одлучува по предлогот на комисијата за добивање на статус, но не го одзема статусот согласно со овој член кој предвидува дека постапката за престанок ја утврдува комисијата со решение. Тоа подразбира дисперзираност на одлучувањето, што е неконзистентно и управно, во смисла на делегирањето на надлежноста.

Исто така круцијален пропуст постои и во ставот 2 во член 15 кој гласи: впротив решението од став 1 на овој член може да се покрене управен спорг. Формулацијата е против уставна, бидејќи согласно точка 1 од амандманот 21 од Уставот на Република Македонија, против тоа решение може да се поднесе жалба.

Во ставот 3 се оперира со термин вправосилна одлука за бришење од регистаротг, а во претходниот член предлаглачот упатува на управен спор.

Членот 16 го нормира регистарот на инвалидските организации. Покрај постоечкиот Централен регистар, уреден со позитивните законски прописи, се предвидува паралелен регистар на државен орган, за инвалидските организации.

Иако интенцијата на Република Македонија е хармонизација и компатибилност на македонското со европското законодавство во смисла на намалување на огромниот број законски прописи, постапката е позната како регулаторна гилотина, повторно со закон како предложениот, постапките, конкретно за регистрација, се формализираат, дуплираат и отежнуваат. Имено, кога би била смислата на постоење дупли регистри, кога е тоа спротивно на заложбите за поедноставување на управните постапки и спротивно на принципите за доследната имплементација на едношалтерскиот систем, критериум поставен од Европската унија.

Нашата партија нема да го поддржи овој закон. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор госпоѓица Маринела Тушева.

**Маринела Тушева:** Благодарам.

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, претставници на Владата.

Ќе се осврнам поконкретно на недоследностите во глава 4, Нацонални инвалидски организации. Со членот 17 се уредува улогата на националните инвалидски организации кој наслов и доследно е таков, улога на националните инвалидски организации, без притоа да се даде конкретна дефиниција каква форма на здружување е националната инвалидска организација во смисла на нејзиниот правен субјективитет. Кумулирани се повеќе услови за стекнување статус на национална инвалидска организација од кои некои се прилично сомнителни. Ако компарираме со словенечкиот законски текст на што се повикува предлагачот на законот, конкретно во член 19 заклучуваме дека операционализација со бројки од типот 15 општински меѓуопштински и градски здруженија став 1, точка 2 од Предлог законот не постои. Всушност во словенечкиот пример законски институт национална инвалидска

организација воопшто не е предвиден, туку се предвидува мошне логична постапка за етаблирање на соодветните здруженија на граѓани, организации на лица со хендикеп прку институтот репрезентативи. Веројатно предлагачот примената на законот ја поврзува со неговата апликативност на затекнатата состојба во невладиниот сектор, односно во мрежната распространетост на одредени здруженија на граѓани. Имено, користејќи го словенечкиот пример тенденциозно и несериозно е да се одредуваат услови за територијалната распространетост како репер за стекнување на статус национална инвалидска организација.

Понатаму, во членот 19 се опишуваат задачитите на националната инвалидска организација. Проблематично е што самиот член поимот национална го поистоветил со поимот репрезентативна. За тоа добар пример е ставот 2 од членот 18 на словенечкиот закон за инвалидски организации кој стипулира дека државните органи и другите јавни институции имаат должност да соработуваат со организациите кои немаат статус на репрезентативни, во нашиот случај, национални и истите не се исклучени од креирањето дијалог и можноста за застапување и претставување на правата на лицата со хендикеп на државно, национално и меѓународно ниво.

Во предлог законот напротив таквата нормативна можност е иземена со што се крши уставната определба за слободно дејствување на здруженијата на граѓаните.

Понатаму, во членот 20 уреден во главата на посебни услови, во него не се регулира конкретната постапка, туку се прецизираат условите за тоа кој може да стекне статус на национална инвалидска организација. Мора да се напомене дека битно се разликуваат од слобенечката практика согласно постоечкиот словенечки закон. Имено, не е јасно зошто предлагачот употребува бројка од 500 членови со оглед на фактот дека во образложението на законот користел воопштени објаснувања, но не и конкретни објаснувања, посебно за наведувањето на посебните услови. Словенечкиот пример е разбирлив, употребува разумна бројка на вклучување од 33 проценти на лица со хендикеп без притоа да детерминира број на членови согласно правото на слободно здружување и начелото на репрезентативност. Повторно се употребува произволната оценка како основна методологија за утврдување на услови за стекнување на статус. Доколку законски се утврдат такви услови, критериуми за стекнување на статус на национална организација флагрантно ќе се нарушат уставните одредби, конкретно членот 20 став 1 од Уставот на Република Македонија.

Понатаму во членот 27 се утврдува целта на основање на националниот совет на инвалидски организации на Македонија. Евидентно е дека ставот 1 од членот утврдува извесни цели, но симптоматично е што националниот совет на инвалидски организации на Македонија се става во улога на делегиран застапник на инвалидските организации, а притоа егземпларно ја фаворизира нивната автономија. Веќе напоменавме дека таква интеринституционална дискриминација во словенечката регулатива изричито е отфрлена, бидејќи словенечкиот пристап на репрезентативност не подразбира пристап на принцип на фаворизам, што за жал е инкорпорирано во овој Предлог закон, што асоцира на една законска сениотика, атрибутот национална всушност би претставувал синоним за ексклузивност. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор госпоѓа Весна Бендевска.

**Весна Бендевска:** Благодарам.

Само на кратко, кратки коментари за последната и можеби есенцијалната глава со наслов: финансирање и сопственост на инвалидските организации. Значи, оваа глава ја уредува областа каде што се предвидуваат изворите на финансирање на инвалидските организации на сите нивоа, инвалидски организации, национални инвалидски организации и националниот совет. Но, има еден есенцијален и голем недостаток, не постои критериум во овој закон на кој начин ќе се распределуваат буџетските средства. Ова е длабок проблем, сериозен проблем и тука дефинитивно се открива намерата, како што говорев и како што реплицирав со колегата Шутаров. Еве ја господине Шутаров, намерата за партизација. Кога немате критериум ќе си го задржите дискреционото право, па ќе делите средства како да се ваша сопственост на оние кои се провладини претпоставувам повеќе, за другите ќе се обдете преку нефинансирање да ги дисциплинирате и тоа е вовед во хаос, ама хаос при користење на буџетски средства, при користење на средствата на граѓаните.

Во одредбите на членот 28 како извор вели, за финансирање на инвалидските организации се наведува извор, буџет на Република Македонија согласно одлука за критериуми и постапки за распределба на финансиски средства за здружение на граѓани и фондации и листата на зруженија на граѓани и фондации. Ова е небулозноста на овој закон. Значи, веќе предвидените буџетски средства кои се распределуваат на здруженијата на граѓаните и фондациите, сега ќе донесете нова одлука претпоставуам, како вие ќе го користите буџетот и како ќе трасирате средства кон новофирмираните согласно новиот закон за инвалидски организации. Основаноста за распределба на овие средства е во важечкиот Закон за игрите на среќа и забавните игри од 1997 година каде е предвидено следново решение. Средствата стекнати преку игрите на среќа и забавни игри се користат за финансирање на цитирам: одредени годишни програми и задачи на здруженија на граѓани, (програмите на здруженијата на лицата со хендикеп, спортот и за Црвениот крст на Република Македонија). Но, во истиот член се

додава и решение дека за оваа намена се определуваат 50%, пола од овие средства од вкупниот приход на игрите на среќа утврден во претходната година. Имено, порано средствата се распределуваа директно од Лотарија на Македонија до корисниците, а од 1997 година тоа го распределува Министерството за финансии. Доколку предлагачот на овој закон господинот Мешков има намера да постави законски загарантирана обврска за распределба на овие средства на организации и на лица со хендикеп и други здруженија на граѓани, тогаш треба и во законската одредба точно, прецизно и транспарентно да се утврдат критериумите како ќе се распределуваат овие средства. И во оваа смисла му предлагаме поставување на критериуми за распределба, се надеваме во согласност со квалитетот како основен критериум на Програмата која зруженијата на граѓани ја доставуваат до Минситерството за финансии на што упатува членот 29 од овој закон кога веќе условите за стекнување на статус на инвалидска организација се така детално предвидени. По горе наведените решенија она што треба да се има предвид при распределбата на буџетските средства е фактот дека од почетокот на 2001 година е вметнато и едно административно означување. Во измените на законот е додадено дека овие средства не можат да бидат помали од 60 милиони денари, ниту поголеми од 120 милиони денари. Дали има добри, или лоши страни ова законско решение, можеме со сигурност да го тврдиме фактот дека ги заштитува корисниците во случаите на евентуално мал приход од игрите на среќа, значи и да се намали приходот од игрите на среќа не смее да се спушти лимитот под 60 милиони денари.

Во отсуство на децидно одредување на кого му е доделено да ја донесе оваа арбитражна одлука, говорев дека критериумите се непостоечки. Сосема е јасно дека оваа правна празнина ја превземаат подготвувачите на Буџетот на Република Македонија господинот старо нов министер Трајко Вељаноски. И според природата и значењето на прашањето начелото арбитрум либерум, одлучување врз основа на слободна волја и по слободно убедување, по слободно определување, господине Шутаров, ако ова не е обид и политички упад во сферата на финансирањето на невладиниот сектор, јас не знам што друго да говорам. Потврда на ова тврдење наоѓаме и во тоа што до сега низ владината и парламентарната процедура не се случило да се менува предложеното решение на предлагачот на буџетот, на господинот Славески, освен еднаш, ама тогаш се сеќавам дека сите ве собра во сала 2, имавме два часа пауза. Само еднаш имавте храброст без консултација на Владата да усвоите еден амандман. Уште еден нус производ кое ова постоечко решение, ако може да се нарече решение покрај недефинираните и нетранспарентни парични зафаќања е моќта за дисциплинирањето на здруженијата на граѓани. Затоа, нема да аминуваме. Решение каде што вулгарно низ законска одредба сакате да легализирате политички притисок онаму каде што не смеете да го правите, во сферата на невладините организации. Оставете го просторот. Тоа е буквално доказот дека имаме капацитет како општество да развиваме сериозно европско граѓанско општество. Имаме поделба на власта: законодавна, извршна и судска, целиот друг простор да го оставиме на невладините организации. Ама вие со ова законско решение апсолутно не го дозволувате тоа. Доказ кон ова тврдење е намалувањето на средствата кои редовно се доделуваат на постоечката заедница на инвалидски организации од над 180 милиони денари во 1998 година беа сведени само на 20 милиони, цели 90% помалку што претставува доста паушален арбитрарен потег. Подоцна во 2000-та година финансирањето им беше зголемено на 50 милиони, но сеуште намалувањето од 180 милиони денари е драстично. А од 2004 година изнесува некаде стабилно финансирање со околу 75 милиони денари буџетски средства. Ова долгорочно доведе до пасивизација и целосен конформизам на вака поддржаните организации кои со тек на време доаѓаат во ситуација да не можат да ги оправдаат своите активности и мисии, а тоа води до чувство дека џабе и се организирале. Им го одземате критериумот за самоодржливост. Затоа предлагачот на законот не смее да дозволи нов закон за прв пат донесен во Собранието во кој нема прецизни критериуми како ќе се користат и рапсределуваат буџетските средства. И заклучок е дека не треба да се интервенира со донесување на закон за инвалидски организации, туку дајте да најдеме многу посоодветно решение, да го промениме Законот за игри на среќа и на забавни игри, бидејќи буквално обезбедува стабилно финансирање во оваа сфера не само на инвалидските организации, не само на лицата со хендикеп, туку и на Црвениот крст, како што кажав, се разбира и сериозно финансирање на спортот во Република Македонија. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 67 пратеници, з гласаа 53, еден воздржан, против 13.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по Предлогот на законот, со кревање на рака.

Кој е за предлогот молам да крене рака? (Никој)

Дали има некој воздржан? (Нема)

Дали има некој против? (Нема)

По предлогот на законот вкупно гласаа 67 пратеника, за гласаа 53, еден воздржан 13 против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за инвалидски организации.

**Минуваме на точката 9. - Предлог на закон за материјално обезбедување на невработените лица поради приватизација на претпријатијата со доминантна сопственост на државата во периодот од 2000-2004 година.**

Предлогот на закон ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Пратениците Марјанчо Николов и Меринела Тушева поднесоа амандмани на насловот на Предлогот на законот на член 1, член 2 за бришење на алинеите 1 и 3, член 2 алинеја 3и за бришење на член 4 по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на насловот на Предлогот на законот, поднесен од пратениците Марјанчо Николов и Маринела Тушева.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за труд и социјална политика господинот Ајдован Мамудов.

**Ајдован Мамудов:** Амандманот не се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот не се прифаќа.

Дали некој друг бара збор?

Има збор Марјанчо Николов.

**Марјанчо Николов:** Благодарам.

Почитуван претседателе, почитувани колеги, почитуван заменик министер, на дневен ред на денешнава седница дојде и еден закон кој што многу наши граѓани го очекуваат. Во суштина се работи за тн., стечајни работници, односно лицата кои што имаат над 25 години работен стаж, но затоа што нивните фирми заминале во стечај и ликвидација или биле прогласени за технолошки вишок, тие останале без работа, односно без егзистенција.

Владата испадна со едно законско решение кое што го промовираше за време на изборната кампања и со кое што тогаш за жал погрешно беше пренесено дека ќе се опфатат сите невработени лица со над 25 години работен стаж. Така беше кажано во медиумите и така беше разбрано од најголем дел од стечајните работници. Потоа кога почнаа да се разработуваат договорот и решенијата помеѓу Владата и претставниците на стечајните работници во суштина се виде дека се работи за еден многу рестриктивен ограничувачки закон, закон кој што нема да опфати голем број на лица кои што се со над 25 години работен стаж. Со предлогот на Владата се предлага дека со овој закон ќе бидат опфатени само невработените лица кои што работеле во претпријатија кои што имале доминантна државна сопственост и чии што претпријатија заминале во стечај најкасно, или заклучно со 31декември 2004 година.

Нашата пратеничка група и во претходниот парламентарен состав сметаше дека ваквото решение е многу рестриктивно и тогашна два пати излеговме со барање да се врати старото законско решение, со кое што сите кои имаат над 25 години стаж треба да ги остваруваат правата од Агенцијата за вработување, односно да примаат пратичен надоместок до повторно вработување или до пензионирање. Нашиот амандман, поднесен со колешката Маринела е токму во таа насока. Овој закон да важи за сите лица кои имаат над 25 години стаж и да важи за сите претпријатија кои заминале во стечај и ликвидација или работници кои биле прогласени за технолошки вишок.

Сметаме дека со вакви паушални законски решенија поднесени од Валдата се создаде една група на граѓани кои ќе имаат попривелегиран статус во однос на други лица, а исто така имаат над 25 години работен стаж. Исто така, нивните претпријатија заминале во стечај и ликвидација или после 2004 година или немале доминантна државна сосптвеност.

Во дебатите со тогашниот министер за труд и социјална политика едно од оправдувањата на Владата зошто упорно 15 месеци не го прифаќаше решавањето на прашањето на стечајните работници, па мораа тие луѓе да поминат годинаипол од својот живот пред Собранието на Република Македонија, на два пати да штрајкуваат, да ги блокираат крстосниците во градот Скопје, беше дека не можат да создаваат посебна или привлилигирана група на граѓани кои ќе остваруваат права само затоа што имале над 25 години стаж.

И многу мои колеги од претходниот состав, кои седат тука го дебатираа истото. Значи, тогаш не можело да се донесе закон за стечајни работници, затоа што тие луѓе ќе биле привилегирани или ВМРО не им ветил за време на изборите и т.н и т.н. Се виде, дека кога се во прашање избори и потребата од добивање гласови, дека решение може да се најде. Но, решението што е предложено е сепак многу рестриктивно, нема да опфати голем број на работници и мислам дека ќе настане поголема реакција. Од овие лица кои се планирани, дека ќе бидат опфатени 6000, ако остане ваквото законско решение, верувајте дека нивниот број ќе биде помал. Многу луѓе ќе останат изненадени кога ќе побараат да ги остварат своите права по основ на овој закон.

Затоа, со нашите амандмани предлагаме овој закон да важи за сите невработени лица кои имаат над 25 години работен стаж и потекнуваат од претпријатија кои заминале во стечај, ликвидација или биле прогласени за технолошки вишок. Сметаме дека, бидјеки министерот за финансии се пофали во текот на вчерашниот ден дека има 250 милиони повеќе екстра приходи Буџетот од планираните, дека овој финансиски издаток државата може да го издржи и дека конечно ќе се затвори прашањето за сите овие лица што од 2000 година па натаму биле прогласени за технолошки вишок или претпријатијата им заминале во стечај, да остварат одредени права.

Значи, сега се работи за политичка волја ова прашање да се реши системски и да нема повторно меѓу овие луѓе обесправени кои не можат да го остварат своето право.

Затоа ги повикувам голегите пратеници иако знам дека нема да има расположение да го прифатат нашиот амандман и да им овозможат на сите лица со над 25 години работен стаж да ги остварат своите права од Агенцијата за вработување, да примаат 34% од просечната плата, односно околу 5 илјади денари. Барам подршка.Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Бидејки нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 66 пратеници, од нив 13 гласале за, воздржани нема, 53 гласале против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по амандманот со кревање на рака.

Кој е за амандманот, молам да крене рака? (Никој).

Дали има некој воздржан? (Нема)

Дали има некој против? (Никој)

Констатирам дека за амандманот вкупно гласале 66 пратеници, од нив за гласале 13, воздржани нема, 53 пратеници се против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандмнот на насловот на Предлогот на законот поднесен од пратениците Марјанчо Николов и Маринела Тушева.

Отворам претрес по амандманот на член 1 поднесенод пратениците Марјанчо Николов и Маринела Тушева.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменикот министер за труд и социјална политика, повелете.

**Ајдуван Мамудов:** Благодарам.

Амандманот не се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот не се прифаќа.

Дали некој друг бара збор?

Има збор господин Николов Марјанчо, повелете.

**Марјанчо Николов:** Значи, овој амандман, како и претходниот прави обид овој закон да не биде ограничувачки и рестриктивен и да се однесува само на невработените лица со над 25 години стаж во периодот од 2000-2004 година што заминале во стечај.

Се предлага одредбата, крајниот датум кога претпријатијата заминале вос течај да биде 31.12.2004 година, тоа да се избрише. овој закон да важи за сите оние кои, почнувајки од 2000-та година па наваму, имаат над 25 години работен стаж да можат по основ на овој закон да ги остваруваат своите права.

Верувајте, има многу вработени од претпријатија што се во државна сосптвеност чии што фирми заминале вос течај или ликвидација или на крајот на 2004 година или на почетокот на 2005 година и за многу малку за месец, два-три не можат да ги остварат правата од овој закон.

Списокот што го доби Владата од Здружението на стечајни работници, дека се околу 6 илјади вакви луѓе ги опфаќаше и тие луѓе. И тие невработени лица. Само за илустрација, имаме Барање од Здружението на стечајни работници од Велес со што бараат рокот 31.12.2004 година да биде краен датум по кој што тие ќе можат да го остварт правото да се продолжи. Затоа што вработените од Агрокомбинатот вЛозарг од Велес, од 17 трговски друштва не можат да ги остварт правата по основ на овој закон. Само две друштва ќе можат да ги остварт правата или 10% од вкупниот број во поранешниот вЛозарг, кои ќе бидат опфатени со овој закон. За дел од вработените во вТопилницатаг, прашање е дали ќе бидат опфатени.

Затоа, ваквата одредба претставува предуслов Владата да им направи лоша услуга на стечајните работници, да го изгласа овој закон, а некои од другите стечајни работници или здруженија, кој не е задоволен од ваквото решение, да го оствари правото пред Уставен суд, ценејки дека не може да се донесе ваков закон, бидејки одредени лица навистина се ставаат во подредена состојба. Не занм зошто заменикот министер не навлезе во објаснување зошто амандманот не се прифаќа, односно да се избрише датумот 31.12.2004 година. Не се работи ниту за големи пари, не се работи ниту за некоја значајна промена во системот на Република Македонија за да не може да се изгласа овој амандмна.

Имаме Барање и од вработентие во поранешните водостопански претпријатија, што заминаа во стечај во 2005 година, или работниот однос на работниците им бил прекинат во 2005 година. Исто така, овој закон не ги опфаќа, а им даваа поддршка на здуженијата на стечајни работници овде пред Собранието на Република Македонија.

Би ги замолил колегите пратеници ова да го земат сериозно во предвид, затоа што повторно ќе кажам, не се работи за голема група на луѓе, не се работи за големи средства. Затоа предлагам колеги овој амандман да го подржите. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Бидејки нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 71 пратеник, од нив 14 гласале за, воздржани нема, 57 гласале против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по амандманот со кревање на рака.

Кој е за амандманот, молам да крене рака? (Никој).

Дали има некој воздржан? (Нема)

Дали има некој против? (Никој)

Констатирам дека за амандманот вкупно гласале 71 пратеник, од нив за гласале 14, воздржани нема, 7 пратеници се против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандмнот на член 1 поднесен од пратениците Марјанчо Николов и Маринела Тушева.

Со оглед на претходно постигнатиот договор ја прекинувам седницата.

Продолжуваме со работ аов понеделник во 11,00 часот со истата седница.

Благодарам.

(Седницата прекина со работ аво 17,24 часот)